# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Второто продолжение на 23-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 јули 1999 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието нас Република Македонија, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Саво Климовски претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по 23-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Бранко Црвенковски, Илија Георгиев, Димитар Бузлевски и Илија Илоски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа по 21-та точка од дневниот ред - Информација за актуелните состојби во Македонската радио-телевизија.

Во меѓувреме, Комисијата за сообраќај и врски и Комисијата за политички систем одржаа седница на која што ги разгледаа предлозите за изменување и дополнување на Предлог заклучоците, поднесени од пратениците Александар Талевски, Јордан Бошков, Стојан Попов, Радомир Карангелески и Никола Поповски.

Врз основа на расправата од седницата и предлозите за изменување и дополнување на предложените заклучоците поднесени од пратениците, комисиите предложија нов предлог на заклучоци што е содржан со Извештајот на комисиите.

Во меѓувреме, а врз основа на член 32 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, на предлог заклучоците по соодветната Информација г-динот пратеник Мерсел Биљали поднесе и амандман по точката 5 да се додаде нова точка 5-а.

Вие го имате добиено во писмена форма амандманот.

Според Деловникот, пред да се произнесеме и да гласаме за заклучоците, јас морам да го ставам овој амандман на произнесување, односно на гласање и претходно по него да се произнесеме, а потоа да ли да видиме, дали тој, ако го прифатиме, ќе стане составен дел нас предложените заклучоци.

Отворам расправа по Предлогот за дополнување на Предлогот на заклучоците што ги имате добиено во писмена форма.

Дали некој бара збор?

Збор побара г-дин Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, изгледа читање на закони на некого е слаба страна, особено закони што се однесуваат на соодветната дејност. Јас повикувам на претставниците на МРТ да го прочитаат посебно Законот за основање јавно претпријатие МРТ и тоа членот 18 став 1 точка 6 кој што гласи:

"Генералниот директор годишно еднаш доставува Извештај за работењето на Македонската радио-телевизија".

Значи, тоа е императивна законска обврска да се поднесе извештај за работењето на Македонската радио-телевизија и тоа претпоставува, односно поимот "работењето" сите го сфаќаат и тие кои не би сакал до крај прогресивно да го толкуваат, го сфаќаат стандардно, како компонента, односно како содржина на сите компоненти поврзани со дејноста на МРТ. Тука не спаѓаат само финансиите, како што воопшто и во начелната расправа се искажав, туку спаѓаат и кадровските прашања, техничките, технолошките и пред се, во колкава мерка се спроведуваат законските обврски од оваа јавна радио дифузна организација?

Во начелната расправа кажав и нема толку да се задржам, убеден сум дека извештајот, ваков како што е, без оглед на тоа што во Предлог - заклучоците се предлага да се поддржи, јас ќе го поддржам условно, доколку се поддржат амандманите, односно дополнувањата што ги предлагам, бидејќи со тоа практично ние ќе ја исполниме законската обврска, односно вие ќе ја исполните законската обврска за целокупен извештај, годишен, за работата на МРТ.

Значи, кога реков, кога сме кај законите, тука не е само законот што го цитирав, Законот за основање јавно претпријатие Македонска радио-телевизија, туку имаме и ред други закони, како што е Законот за радиодифузија, потоа Законот за основаше Јавно претпријатие МРТ, Законот за јавно информирање, Законот за телекомуникации и т.н.

Според сопствената одговорност, го повикувам генералниот директор, на сопствена морална одговорност да се искаже

пред ова Собрание, дали во принцип се спроведуваат овие закони или не? Дали не се игнорира позицијата, односно дали јавноста објективно се информира? Нека биде искрен пред себе си и пред јавноста пред ова Собрание и нека се искаже.

А, според Законот, ми се чини член 18 став 1 точка 7 што е многу дециден, кажува дека генералниот директор е одговорен за законитоста за работењето на МРТ. Значи, овие закони што ги спомнав тука спаѓаат под одговорност на генералниот директор, односно спроведувањето на тие закони.

Граѓаните плаќаат не некој да ги лаже тука, туку да се информираат реално, објективно, вистинито. Бараат освен вистината бараат и квалитет на услугите што треба да ги понуди МРТ како јавно претпријатие. Мислам дека, можеби не е ред денеска тука да се спомнува, од почеток ни е слаба страна да се спроведуваат законите од именувањето на членовите на Управниот одбор, односно управните одбори направивме многу опасен преседан. Именувавме луѓе кои децидивно и решително се забрана за закон, членови на раководства на политички партии. Мислам дека секому ова прашање е јасно. Без оглед на тоа, нема да се задржам на него.

Моите Предлог - заклучоци се однесуваат на два сегменти:

Прво, да се прошират програмите на радиото и телевизијата на јазиците на националностите, соодветно на нивното учество во целокупното население. И

Второ, да се авансира програмата на радиото и телевизијата на албански јазик, односно емисијата на албански јазик да се авансира во програма.

Така што Пратеничката група на Партијата за демократски просперитет ќе гласа за овие заклучоци, ако се прифатат дополнувањата што таа ги поднела. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Биљали Мерсел.

За збор се јави г-динот пратеник Бајрам Амди.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани господа пратеници, исто така по ова имам поднесено амандман, сега во скоро време би требало да дојде, кај да е ќе треба да го поделат и би сакал да укажам дека и јас имам поднесено амандман по оваа точка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Бајрам Амди.

Господинот Селмани Аслан побара збор.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Колегата пратеник Мерсел Биљали ги доставил размислувањата околу проширувањето на програмата на албански јазик во МРТВ, односно во МТВ. Само сакам да потсетам дека во една можност беше транспарентно објавена веста дека програмите на националностите ќе бидат сместени во еден ТВ-канал, од страна на министерот за информации. Меѓутоа, од вест не испадна ништо.

Заради тоа, сметаме дека навистина, треба да се преземат итни чекори кон разгледување на ова мошне важно прашање, затоа што преку таквите програми и ТВ-емисиите, треба да ги афирмираме нашите духовни вредности, не само на националностите, туку севкупниот материјален и духовен карактер на нашето поднебје. И минатиот пат кажав дека, за жал, во нашите ТВ-емисии повеќе има за Африка, отколку за нашите вредности внатре во рамките на РМ.

Од тие причини, сметам дека треба да ги прифатиме амандманите предложени од пратеникот од ПДП и преку овие амандмани ќе се реализираат потребите на националностите во МРТВ. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Селмани Аслан.

За збор се јави г-динот пратеник Пауноски Љубен.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, станува збор за Информација за актуелните состојби на МРТВ. Значи, тоа е темата, тоа е точката на дневен ред и содржината на Информацијата е многу јасна.

Значи, една Информација која предочува дека повеќе години обврската што ја имала раководниот тим кон Собранието на РМ не е извршувана и во оваа Информација се поставени најбитните елементи што покажуваат дека оваа информативна куќа е во тешка финансиска криза, со големи обврски, што поради низа околности, дали објективни или субјективни не се подмирени и се наоѓа во ситуација во која се наоѓа.

Значи, оваа Информација, донесувајќи ги тие аргументи, тие елементи, предочува каква е состојбата и бара можности за санирање на тие последици, да влезе во една стабилна состојба, врз која би

отворила простор и можности да размислува како натаму да ја креираат програмската политика што е од интерес за цела Македонија. Значи, тоа е таа II фаза што би следувала доколку елементите понудени овде како факти за тоа зошто е дојдено до тоа и предлозите за можен излез за консолидација, са санација на тие негативни состојби, би овозможиле простор натаму да се размислува за уредувачката, кадровската и друга политика, програмска, евентуално поврзување со посовршени форми на комуникација, значи пласман на информации кон светот.

Значи, сето ова што сега се говори целосно излегува надвор од темата за која што денеска разговараме, односно што е точка на дневен ред на оваа седница и веќе трет ден за неа се разговара. Значи, воопшто не е спорни овие размислувања, но тие би требале да бидат земени во предвид во дебатирање, во разгледување на овие прашања кога би дошле на дневен ред на Собранието, кога за тоа ќе се разговара. Заслужуваат внимание и во развојната политика и програмска политика на оваа куќа, секако дека тогаш би ги зеле предвид. Би разговарале, би размислувале, веројатно би добиле предлози од самиот раководен тим за сето ова, меѓутоа сега во оваа ситуација мислам дека излегуваат од темата.

Според тоа, ние предлагаме да се задржиме на содржината на она што денес го разгледуваме и да пристапиме со дискусиите и се разбира со ставањето на гласање на предметот што го разгледуваме.

Од тие причини мислам дека сум јасен зошто апелирам ова да влезе во разгледување на некоја друга седница, во друга можност кога, врз основа на евентуално позитивните заложби на Собранието што ќе придонесат МРТВ да се стабилизира, бидејќи станува најповеќе збор за финансиската состојба на Буџетот, да бидат земени развојните програмски планови во чиј контекст би влегле и овие амандмани што сега се нудат.

Затоа што ако сега го прифатиме овој принцип на работа, ќе бидеме во противречност на она за што се залагавме на вчерашната седница, на многу други седници, да бегаме од темата не само во дискусиите, туку да не ги оптоваруваме точките од дневниот ред и да се придржуваме на самата содржина, суштина што е понудена на седницата, во точката од дневниот ред. Во спротивно, би отишле во недоглед во поглед на разни можни видувања на програмските планови на оваа Куќа, а тие би биле сепак парцијални. Доколку ние како Парламент би биле подготвени да ја решиме уредувачката, програмската, развојните планови во тој домен, тоа би било драгоцено, но дали ние како Парламент сме подготвени во текот на овој ден да ги понудиме сите овие видувања, да помогнеме и на раководниот тим?

Очигледно, тоа ќе бидат многу мали, парцијални сегменти што нема да донесат никакво решение. Од друга страна, ако ги прифатиме нив, тогаш сите од нас имаме и дополнителни различни видувања, индивидуално, како пратенички групи, да завлеземе со наши сугестии, да се обликува целата програмска политика на оваа Куќа.

Од тие причини предлагам или предлагачите да имаат разбирање за ова дека, не е во контекстот на точката од дневниот ред, да ги повлечат амандманите или кај нас постои расположение, за тоа да се размислува и евентуалните добри предлози да се прифатат, Но, во овој случај тие би биле парцијални и не соодветствуваат на денешнава тема. Згора на тоа, би не одвлекле во недогледни дискусии да ја креираме програмската политика на МРТВ. Тоа не е на дневен ред.

На дневен ред е една Информација за актуелните состојби на МРТВ, врз која би се создале можности раководниот тим да понуди пред Собранието и вакви развојни програмски концепти за МРТ. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Пауновски Љубен.

Повторно се јави г-динот пратеник Биљали Мерсел како реплика.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Ако не се сака да се прифатат Предлог - дополнувањата на ПДП, нека се каже тоа јавно. Не е тоа комплетно да се смота со матни образложенија што никој не може да ги сфати.

Јас апелирам да се спроведува законот, што ни е обврска, првенствено нам, како пратеници. Тука сме во дилема, дали ќе дадеме предност на Информацијата дадена од раководството на МРТВ или ќе го почитуваме Законот. Ние сме алтернатива помеѓу овие две опции. Веројатно, ние сме во предност и веројатно спаѓаме во рамките на второто.

Законот е многу јасен, земете го г-дине координатор, и прочитајте го. Тоа е членот 17 став 1 точка 6. Значи, "Генералниот директор на МРТВ еднаш годишно доставува Извештај за работењето на МРТВ во Собранието на РМ". Одредбата што стои во законот е многу јасна. Не стои дека генералниот директор поднесува финансиски извештај еднаш годишно пред

Собранието, туку целокупен извештај. Тоа е многу јасно. Зошто сега, претпоставувам дека претпоставуваме дека ќе имаме нова седница за ова прашање. Тука пишува "еднаш годишно". Ние повторно ќе расправаме за ова прашање после година дена. Секому е јасно и тука не може никого да лажеме со такви зборови.

Мора да се даде исто така одговор на прашањето како е можно, јасно да се до екипира и да се помага финансиски, да се потпишуваат договори и тоа е во ред, минатата седница кога беше општа расправа, меѓутоа ние мора да поаѓаме од некои реални основи, како е можно една А-1 телевизија, 30 пати со помал број на луѓе да емитува програма скоро повеќе од Македонската радио-телевизија, која има 2000 вработени. На ова прашање мора да дадеме одговор, а не само да се жалиме, дека нема финансиски средства.

Искрено, уште еднаш го повикувам координаторот на ВМРО-ДПМНЕ да се изјасни по ова прашање, бидејќи еднаш годишно ние имаме право, според Законот, да расправаме по ова прашање.

Не верувам дека повторно, пред да помине оваа година, ќе расправаме, како што се изјасни координаторот на ВМРО-ДПМНЕ. Во минатиот состав ние знаевме секоја година да овозможиме да се авансираат одделни состојби, во однос на програмите односно емисиите на националностите и сега работата е стагнирана.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Мерсел Биљали.

Господинот Љубен Пауновски бара реплика.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, имаше подготвено поголем број амандмани од овој карактер за збогатување на програмата. Меѓутоа, тоа беа индивидуални видувања за кои разговаравме и бидејќи излегуваат надвор од контекстот на оваа тема, ние се договоривме да ја искористиме првата прилика и тие амандмани да ги поднесеме. Значи станува збор за поднесување на годишен извештај, на што е обврзан раководниот тим на Македонската радио-телевизија и кој ќе мора да го поднесе.

Оваа информација претпоставувам дека е испровоцирана или инспирирана да биде донесена и поднесена, понудена до Собранието, врз основа на тоа што ако не се лажам барем во претходните т пет години раководните тимови во Македонската радио-телевизија не поднеле извештај до Собранието на Република Македонија.

Го поставувам прашањето до пратениците кои биле членови на Македонското Собрание во минатите пет години зошто, во рамките на нивните права и надлежности и ингеренции, да ги потсетат претходните раководни тимови, пет години, барем еднаш да поднеле извештај за работењето на Македонската радио-телевизија, во рамките на што ќе сте ги искористеле претходните пет години за било какви предлози во збогатување и дооформување на програмската содржина на Македонската радио-телевизија на сите програми, така што сега се поставуваат овие прашања, се поставуваат прашалници, се поставуваат недоумици, зошто се нема разбирање за сето ова.

Многу е јасна ситуацијата: раководниот тим на Македонската радио-телевизија пет години наназад, тие раководни тимови имале годишна обврска најмалку еднаш годишно да поднесат извештај, во кој извештај ќе се земат предвид и програмските аспекти, истата таа обврска ја има и сегашниот тим, но оваа информација ја поднесува сега само после неколку месеци од стапувањето на таа раководна позиција, врз основа на анализата дека претходните пет години раководните тимови, ниту според сопствената обврзаност не поднеле извештај до Собранието, ниту Собранието алармирало дека треба да си ја исполнат својата обврска, врз основа на тоа што Собранието ги поставува тие раководни тимови, преку поставувањето на генералниот директор. Минатиот состав на Македонскиот Парламент ќе го направил и сега нема потреба толку да драматизираме, да проблематизираме и всушност да поставуваме такви констатации, дека некој ги одбива овие предлози. Никој не ги одбива овие предлози, само сугерира дека во минатиот мандат Собранието не си постапувало според своите надлежности да предупредува дека треба да си поднесува извештај и сега ваквите предлози не се во контекст на оваа информација.

Ваквите предлози треба да бидат земени предвид кога ќе биде поднесен годишниот извештај, а на тоа генералниот директор заедно со својот раководен тим е обврзан и мора да го достави до ова Собрание. Ние сме членови во овој мандат, ова го говориме и во име на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го говорам, дека генералниот директор со својот раководен тим ќе поднесе годишен извештај и тогаш ќе разговараме за овие теми.

Што се однесува до дилемата и прашањето како е можно да се има разбирање за потребите од санирање на

големите финансиски проблеми на Македонската радио-телевизија, во информацијата стои дека тие финансиски проблеми се создадени во минатите години, кога биле некои други луѓе во раководниот тим. Јас не зборувам дали доминираат субјективните или објективните елементи во создавањето на таа голема финансиска криза, но факт е дека таа постои. Ако е од заеднички интерес оваа национална куќа, ние треба да размислиме и да се обидеме дали навистина, во рамките на нашите можности, можеме да дадеме придонес да застане на здрави нозе и потоа да бидат земени сите предлози - се разбира, на тоа имаме големо право како пратеници - во рамките на програмскиот развој на оваа куќа, што е од интерес на сите граѓани на Република Македонија, од интерес на овој законодавен дом, посебно што престојат и сериозни развои на таа информативна куќа, за да не поврзе преку тие сателитски можности да бидеме присутни и во светот.

Значи, ситуацијата е многу јасна, да не се создава забуна дека некој не сака да ги прифати ваквите предлози. Ваквите предлози се надвор од содржината на оваа информација и предочив Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, имаше многу предности кои се чисто од програмски карактер, меѓутоа не е тоа на дневен ред. Да се стрпиме уште многу краток период раководниот тим ќе биде обврзан да ни даде информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Пауновски.

Господинот пратеник Илјас Сабриу.

**ИЛЈАС САБРИУ:**

Почитуван претседател, би сакал да се вклучам во дискусијата, во врска со овој предлог амандман на господинот Биљали, а во врска и со образложениeто на господинот Пауновски.

Мислам дека е јасно дека денес расправаме само за Информацијата за материјално - финансиската состојба во Македонската радио-телевизија и веројатно во извештајот и тогаш кога дискутиравме кажавме дека главно сите прашања ќе бидат обработени со предлог – мерки, но веројатно кога ќе го имаме извештајот за работата на Македонската радио-телевизија и се согласувам дека тогаш можеби има повеќе место за вклучување на сите овие други прашања. Меѓутоа, за мене исто така многу е битен првиот заклучок што го предлагаат двете комисии. Двете комисии го предлагаат она што на некој начин господинот Биљали инсистира да се внесе, бидејќи ние како Собрание ја задолжуваме Македонската радио-телевизија и раководството на Македонската радио-телевизија да изготви "Програма за сеопфатна реорганизација и реформа на Македонската радио-телевизија, со изготвување на нов современ концепт на работа и делување, кој ќе ги следи светските трендови во електронската информатика", тука предлагаме да се стави запирка и да се додадат зборовите: "притоа водејќи сметка за проширување на термините на емисиите на албански јазик".

Мислам дека во овој заклучок се акцептира и ова што ние го бараме како заклучок на пратеничката група на ПДП. Со тоа ништо не би се изменила работата, туку би го задолжиле конкретно при изготвувањето на таква програма раководството да ги има предвид и овие наши укажувања за проширување на емисиите и програмата на албански јазик и на сите други јазици на националностите. Со тоа, мислам дека не се излегува од рамките на оваа информација за материјално - финансиската состојба, бидејќи самите комисии го задолжуваат раководството во оваа насока да размислува и на Собранието да му предложи конкретен предлог. При таков предлог тогаш ќе имаме прилика да се произнесеме дали тоа ќе ги задоволува или не ги задоволува. Но сега предлагаме, имаме разбирање за нивните укажувања, но би ги замолиле и МРТВ и позицијата да има разбирање за ова инсистирање, само да се додадат уште два-три збора - да се стави запирка и да се додаде "при изготвувањето на таквата програма, да се имаат предвид и проширувањата на емисиите на албански јазик, односно на јазиците на народностите во Република Македонија".

Со тоа мислам дека ништо не би се изменила содржината на првиот заклучок што е предложен, од страна на двете комисии надлежни за оваа проблематика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Илјас Сабриу.

На овој амандман јас гледам со една друга димензија.

Доколку пратеникот Мерсел Биљали, инсистира ова прашање да се покрене, надвор од овие заклучоци јас би предложил денес Собранието да има еден работен заклучок, на една од есенските седници да имаме посебна информација за програмската ориентација на Македонската радио-телевизија, со посебен осврт на застапеноста на програмите на националностите. Во една таква ситуација ние би имале многу по содржински заклучоци. Инаку, би се претопиле во овие заклучоци кои имаат друг

карактер. Ако така се согласи господинот Мерсел Биљали, тогаш навистина е в ред и тогаш е во корелација со она што и координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го поднесе, на една од есенските седници кои ќе ги имаме да се поднесе една сеопфатна информација, надвор од овие материјално - финансиски и други проблеми, туку по часови, колку е застапена една, колку друга програма, по жанрови, прогрмите колку се застапени и т.н. и да донесеме соодветни заклучоци, кои мислам дека ќе кореспондираат со ова што денес го поднесувате.

Тоа е моја сугестија, не значи дека мора да се прифати, доколку вие останувате на тоа, господине Биљали.

Господинот Мерсел Биљали има збор.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Со надеж дека ќе се остварат сугестиите на господинот претседател, ние ги прифаќаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние ќе заклучиме такво нешто да се направи, нема надеж, ќе има обврска. Ако се согласувате така да биде.

Збор бара и директорот на Македонската радио-телевизија, господинот Љупчо Јакимовски, па ако инсистира да се произнесе по целокупната оваа расправа, некои свои сугестии, некои свои гледања да изнесе, јас му давам збор нему и со тоа да ја привршиме расправата и да одиме на заклучоци. Може и после него да има дискусија, ако има инспирирана расправа, ќе водиме и понатаму расправа.

Повелете, има збор господинот директор на Македонската радио-телевизија Љупчо Јакимовски.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, задоволство ми е навистина да ви се обратам и би сакал само неколку работи генерално да ги поставиме на јасни позиции, бидејќи намерите на оваа Информација се навистина чесни и искрени, иако овде се направија некакви ступидни обиди за депласирање и дезавуирање на оваа информација.

Од Собранието на Република Македонија за генерален директор на Македонската радио-телевизија бев избран на 21 јануари оваа година, значи точно шест месеци до денес. Со моите сознанија што ги имав претходно како еден од можните кандидати за генерален директор, при влегувањето во Македонската радио-телевизија се соочив со навистина многу полоша ситуација од онаа што ја очекував. Првата работа што ја направив таму, со оглед на неповолните состојби во сите сфери, материјално - финансиски, програмски, просторни, кадровски и др., подготвив една комисија која требаше да изврши едно скенирање и дијагностицирање на состојбата во Македонската радио-телевизија и резултат на работата на таа комисија е оваа информација. Навистина имаше многу обемни материјали за сите сегменти, но оценивме дека најакутна, најболно и нешто каде што најбрзо треба да се интервенира е материјално - финансиската ситуација во таа куќа и нејзината преголема задолженост. Дојдовме до фрапантна бројка од 15 милиони марки задолженост, плус една груба пресметка на каматата на тие средства не носи до бројка меѓу 25 и 26 милиони марки.

За ваша информација ќе ви кажам дека, годишниот буџет на таа куќа е приближно толку, 20 до 25 милиони марки. Значи, имаме ситуација каде буџетот една година однапред е потрошен. Навистина сакав тоа да кажам дека се најдовме во ситуација да расчистуваме џумбус, кој е наследен и најмалку очекував да речеме од оние кои претходно назначуваа таму раководства, кои претходно раководеа со таа куќа, да ја блокираат, да ја опструираат оваа навистина скриена и добронамерна работа. Не би се задржувал понатаму, значи, имаме чиста ситуација.

Сакам да го информирам Парламентот, тоа стои во Информација, но уште еднаш да потсетам дека меѓу другите долгови имаше два милиони и 170 илјади марки долг кон Европската телевизиска асоцијација, ЕБУ и пред два месеци испратив писмо до претседателот на ЕБУ, господинот Шарф и побарав разбирање за лошата материјално - финансиска состојба на Телевизијата, односно на државата да го отпише тој долг, или барем во некоја поблага форма барав репрограмирање на долгот, бидејќи го известив дека јас по никој основ и на никој начин не сум во можност да го сервисирам тој долг кој го наследувам.

Навистина пријатно бев изненаден од разбирањето на претседателството на ЕБУ, кој го отпиша долгот од два милиони и 170 илјади марки, долгот кој го наследив, тој беше оставен до раководствата што ги бираше претходната владеачка гарнитура во оваа држава. Значи, европските институции ЕБУ има разбирање и сега наеднаш СДСМ кој го направил овој џумбус го блокира и го опструира санирањето на ситуацијата во Македонската радио-телевизија.

Исто така имаше и долг кој што беше многу краткорочен и каде беа оставени акцептни налози, тоа беше Заводот за платен

промет и Дирекцијата за стоковни резерви, две институции кои постојано имаше можност да ја блокираат жиро сметката на Македонската радио-телевизија. Писмено се обратив до Владата, побарав отпишување на тој долг, бидејќи претставуваше сериозна кочница во секојдневното работење на Македонската радио-телевизија. Наидов на разбирање, им благодарам многу и отпишани се и таму 32 милиони денари или околу милион марки, пак ќе речам долг кој го направи гарнитурата што ја избираше СДСМ.

Со оглед на тоа дека оваа Информација е со состојба 31 јануари 1999 година, веќе од тие 15 милиони марки се отпишани 3 милиони 170 илјади марки и патем да кажам дека ЕБУ, Европската телевизиска асоцијација не ослободи од сите фиксни трошоци за тековната 1999 година. Тоа е она што за овие шест месеци сме успеале да го направиме.

Овде постојано сите се повикувавте на тоа дека и во првото тримесечје е генериран долг. Точно стои тоа како евиденција, генериран е долг, меѓутоа долг кој што е главно е генериран во оние денови пред да бидам јас назначен таму, долг кој што последователно се генерираше до обврските кои настанале во текот на декември, префрлање на дел од обврските кон државата и некакви неисплатени фактури. Јас можам да гарантирам овде пред овој Парламент дека во моето владеење во Македонската радио-телевизија, не е генериран никаков нов долг, а првото тримесечје е остварено со добивка. Тоа треба да се има на ум, дами и господа. Сега навистина тука се изрекоа многу неправедни работи, многу погрешни, многу клевети, многу инсинуации и јас не би сакал да се задржувам на сите, меѓутоа барем на оние кои се како најдиректни дезинформации ќе морам да предупредам.

Во Македонската радио-телевизија јас навистина отидов како човек од овој Парламент, јас бев пратеник на овој Парламент на ВМРО-ДПМНЕ и со тоа многу чесно и искрено настапивме и пред јавноста и пред себе и пред сите дека владеачката партија, односно коалиција ја презема одговорноста за таа куќа. Меѓутоа, од моето одење натаму навистина мене никој не може да ми префрли и да ми каже дека јас таму правам партизација на таа телевизија, дефинитивно. Јас не донесов ниеден човек од ВМРО-ДПМНЕ во таа телевизија и господине Петковски, ова вам ви го упатувам, господинот Љубе Цветановски, директорот на Македонската радио телевизија, тој не е истакнат член на ВМРО-ДПМНЕ, тој не е никаков член на ВМРО-ДПМНЕ. Тој е истакнат автор на Македонската радио-телевизија, тој работеше и пред тоа таму и тоа дефинитивно треба да покажете дека тој е член, а јас не можам да ви покажам, бидејќи не е член. Потоа, заменик директорот на Македонското радио, госпоѓата Валентина Трајковска, таа не е член на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е дефинитивно, ако и вие имате доказ дека таа е член покажете го. Потоа, сите новинари што се во програмата таму, точно е дека јас ниеден не донесов, ниеден новинар или уреднички кадар јас не донесов, бидејќи со оглед на лошата ситуација ги искористив внатрешните резерви. А сега што јас го демонтирав медиумот на СДСМ во МРТ, тоа ве боли, знам. Меѓутоа, не е инсталиран медиум на ВМРО-ДПМНЕ дефинитивно.

За господинот Биљали кој ги чита законите од соодветните области, очекувам дека разликува што е суштинската разлика меѓу информација и извештај. Очекувам дека знае кога се поднесува информација, кога извештај. Извештај се поднесува на крајот од годината, а јас сум таму само шест месеци. И господинот Биљали ги цитира н чита законите на вистинско место, но во тотално погрешно време. Изминаа четири години од 1995 година, господинот Биљали седеше тука и во текот на тие четири години требаше да седи тука и да му чита на генералниот директор, дека е должен да поднесе извештај. Извештај се поднесува по истекот на годината. Ова е само Информација за едни неповолни состојби, кои мора да се надминат. Тоа е битна разлика. Ако е тоа обид да се фрли прашина и да се ќари некој политички поен, јас го разбирам, меѓутоа се загрижувам ако господинот Биљали навистина мисли како што зборува.

На крајот на краиштата, сакам само така да остане како порака: Македонската радио-телевизија и треба на оваа држава не на Парламентот или Владата, таа е потребна за граѓаните и овој Парламент, кој што исто така го има легитимитетот на граѓаните е должен да води сметка за Македонската радио-телевизија и да се однесува поодговорно, бидејќи можам најдефинитивно слободно да кажам дека претходната власт апсолутно неодговорно се однесуваше кон таа телевизија и за тоа имаме ситуација како што имаме. Имаме степен на амортизираност на техниката 93% во просек, притоа многу сегменти од нив се амортизирани и 200%, во таа куќа со години ништо не е вложено. Јас како сегашен прв човек на таа компанија не сум загрижен ниту за овие долгови, ниту за кадровските состојби, не сум загрижен за ништо, сето тоа може да се надмине, меѓутоа, техничко - технолошката заостанатост е голема и таа е навистина нешто што мене ме

плаши. Тоа е навистина преголема инвестиција.

Би сакал да бидам навистина најдобро сфатен, мојата добра намера е таа, имаме ситуација која што е наследена и би сакал да напоменам да нема тука лаги, бидејќи голем дел од седниците ги следи јавноста, наследениот долг од 15 милиони марки е намален за 3 милиони и 170 илјади марки. Значи, остануваат нешто помалку од 12 милиони марки. Сега врз основа на она што ние таму во таа куќа го согледавме како можност за отпишување на долговите, ние бараме отпишување само на четвртина од тие долгови, не на целиот долг, бидејќи на целиот долг ние не можеме да добиеме ослободување од овој Парламент и од Владата, секако. Можно е да добиеме ослободување на четвртина т.е. отпишување на околу 4 милиони марки. Остануваат пак некако за раздолжување и за исплаќање уште 8 милиони марки. Тоа треба да биде исто така чисто и јасно.

Би апелирал до овој Парламент да биде на нивото на својата одговорност, што ја има и пред граѓаните и пред демократијата во Македонија, да ја прифатите оваа Информација, бидејќи тоа е најмалку за мене, не што не е создадено од мене, реков дека е создадено од претходната власт и од претходната власт во компанијата и државата и барем да не ни одмага при обидите да се санираат џумбусите што ги направија тие.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на директорот на Македонската радио-телевизија, господинот Љупчо Јакимовски за дополнителните информации. Очигледно дека бил инспиративен и на екранот веќе почнуваат да се јавуваат доста пратеници.

Молам само едно. Не го ускратувам правото, но сакам само едно да кажам: да бидеме што е можно покуси во дискусијата и да не се повторуваме, затоа што ќе ја вратиме повторно расправата.

Ве молам, накратко ако е можно бидејќи се работи за реплики.

Очигледно, јас ќе се придржувам на времето на реплики, а не за повторни дискусии.

Има збор пратеникот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Навистина сум фрапиран од речникот на директорот на МРТВ. Ако тој како директор на таа институција се служи со ваков речник, не знам како ќе ги спроведе тие негови, наводни идеи кои ги има.

Јас го молам претседателот на Собранието при вакви случаи да интервенира, од типот ступидни обиди, значи ступидни обиди, членови на Парламентот. Досега ваква навреда не сум слушнал од ниедна јавна личност во овој Парламент, од неговото осамостојување до денес.

Или тој да се извини на Парламентот, или претседателот на Собранието да го укори или да најде начин тоа, еве да се извлече од записникот, да не е брука за целата македонска држава.

Имаше и некои други работи, меѓутоа за нив не би сакал да дискутирам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Китановски.

Има збор господинот пратеник Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседателе, јас навистина се јавувам во функција да реплицирам, бидејќи бев директно спомнат од господинот директор.

Пред тоа сакам да интервенирам кај вас, заради не интервенцијата ваша поради навредата на Парламентот. Можеби дел од пратениците и не ја разбраа содржината на зборот ступидност или мислат дека тоа се однесува само на еден дел од пратениците, на другиот дел не се однесува. Тоа е скандалозно да излезе од устата на генералниот директор на МРТВ, кој треба да зрачи, заправо, со културна комуникација со граѓаните. Ако од него слушаме овде навреда на Парламент, на пратениците, можете да замислите како се однесува со неговите потчинети таму новинари и сите вработени.

И уште повеќе кога овде најави, додека траеше расправата во овој Парламент, мислам на претходната седница, не на вчерашната, додека ние овде расправавме, убеден дека е завршена расправата даде изјава за медиумите во која соопшти дека сите вработени ќе бидат отпуштени. Мислеше дека работата е завршена и ќе може да прави селекција по сопствени критериуми, како тој мисли и кого да вработува, иако има јасни законски прописи дека на тој начин не може да се ра-боти, може само 20% од вработените да отпушти, не може повеќе. Меѓутоа, факт е тоа дека го слушнавме од генералниот директор на МРТВ.

Моето јавување беше повеќе во вид на спротивставување на една теза, која нема никакви реални основи. Ако господинот директор кажа уште на почетокот, преземајќи го мандатот дека судбината и одговорноста

за МРТВ ја зема полицијата која владее денес во РМ, тоа буквално значи дека мора да имплементира до крај партиски луѓе на сите нивоа, за да може таа политика да ја спроведе. Тоа не може поинаку да се чита. Можете на луѓето кои што не се упатени во македонската културна или поширока јавност да говорите кој е господинот Цветановски, која е неговата културна матрица сите овие години наназад. Или можете да кажете дека сестрата на министерот Новковски нема никаква идеолошка основа за практицирањето на дневникот на македонското радио и т.н., како заменик директор и главен и одговорен уредник. Меѓутоа, не можете нас да не убедите дека нема никакво влијание таа работа. Дали е она формално член, или не е формално член на ВМРО-ДПМНЕ или на некоја друга партија која ирелевантно, тоа не е многу битно. Битно е како зрачи сфаќањето на слободата на јавниот збор кој се емитува од македонското радио, македонската телевизија, како тон, слика и т.н.

Според тоа најстрашното нешто што можеше после овие години да се случи, а кое, добивте господине директор одговор, што значи партизирањето на македонското новинарство преку македонската телевизија од најкомпетентно место, од една светска асоцијација на чие чело стои бившиот сенатор на САД, претседател Американскиот сенат, кој кажа дека МРТВ денес е единствено партиско гласило на балканските простори. Тоа можете да го видите на Интернет. И од ЕУРО-МЕДИЈА добивте оценка дека не е добро за демократијата на РМ до крај да се партизира македонската радио и телевизија. Пораката е многу лоша и до граѓаните. Ако треба да биде по законот, бидејќи основач е Собранието на Република Македонија и МРТВ е јавен сервис на сите граѓани, без оглед на политичката припадност, тие за тоа и издвојуваат и плаќаат такса. Значи одговорот ќе биде ако се до крај партизира, оние што не се членови на овие политички партии кои денес, како што рековте вие владеете или владеат, а не сте во функција, во служба на граѓаните на РМ, нема да наоѓаат никаква смисла да плаќаат такса. Зошто би плаќале тие такса ако знаат дека тука се емитува партиска програма, партиска политика. Според тоа уште кога дојдовте вие за директор, затоа и лично ви се обраќам, јас кажав дека тоа не е добро решение ниту за вас лично, ниту за демократијата во Република Македонија. Сите национални радио и телевизии во светот формираат национален совет кој треба да се грижи за самостојноста и професионалноста, за одговорноста на јавниот збор и за довербата на сите граѓани кои ја чувствуваат како јавен сервис, можност преку неа да се артикулираат различни политички погледи. МРТВ тоа денес не го обезбедува. Таа е апсолутно партиска ТВ, која не дава простор за артикулација на поинакви политички погледи, освен погледите на партиите што се на власт. Тоа е реален факт. Затоа сметам дека би било добро, но тоа во некоја друга прилика да поразговараме малку за одразот на МРТВ и нејзините програми врз расположениието на граѓаните на Република Македонија. Но тоа ќе го осетите вие како генерален директор, во односот на граѓаните по однос на плаќањето на такса, дали тоа ќе биде или нема да биде тоа реалност.

Според тоа, да завршам. Јас не се согласувам ова Собрание како основач на МРТВ да ја утврдува програмската определба, ориентација, шема на МРТВ, туку ние да дадеме апсолутна слобода на новинарите, меѓутоа регрутирани од добри професионалци, да ја информираат точно објективно и на време македонската јавност за граѓаните на Република Македонија да ја чувствуваат МРТВ како своја, а не како партиско гласило.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Тито Петковски.

За збор се јави господинот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Нема повеќе да се јавувам за збор, ова ќе биде последно.

И забележувам на сегашната коалиција за пропустите што ги направила во комбинаториката во однос на кадровските решенија. Сметам дека господинот Јакимовски, со оваа реторика со која сега го слушнавме да биде министер за внатрешни работи, по можност во некое еднопартиско собрание наместо да го пратите директор во една многу важна и одговорна институција како што е МРТВ. Но научивме и многу нови изрази како што е ступидност, џумбус и т.н. Можеби ќе ни објасни самиот господин генерален директор што значат тие зборови.

Ако не грешам, мислам дека господинот Јакимовски тогаш кога ова Собрание го имаше вториот мандат работеше како новинар и можеби ги следел основните текови и работењето на оваа институција и барем ако ги следел можеше да има сознание дека јас тогаш бев претседател на Комисијата за политички систем и од донесувањето на Законот за МРТВ беше поднесен годишен извештај кој не беше прифатен, односно беа изнесени огромни забелешки во однос на тој извештај. Не знам зошто и како воопшто не е

упатен, како генерален директор, барем според континуитетот, требаше да биде информиран за тие состојби, наместо да се информира за џумбуси и ступидност.

Да имаше трунка одговорност господинот генерален директор, ќе поднесеше оставка од моментот на сознанието дека неговата единица имала таква храброст да не објави конференција за печат на една опозициона партија, односно да не ги објавува соопштенијата на таа партија.

Ако има слушано и гледано пред две години дури во Романија се случи нешто како што се случи во МРТВ, пред месец дена и генералниот директор веднаш беше разрешен од Собранието, односно нивниот Парламент. И тогаш се поставува прашањето на наша одговорност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Мерсел Биљали.

За збор се јави пратеникот Валентина Божиновска.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Почитуван претседателе, јас не бев на минатата седница, меѓутоа имав некои укази дека минатата седница, за жал, не одела така како што треба и по Предлог - заклучоците и по Информацијата за актуелните состојби. Не мислев ни на оваа седница да се јавувам, мислев дека оваа седница ќе оди многу побрзо и дека ние ќе ги донесеме заклучоците.

Но, бидејќи јас имам и една друга улога, јас сум и член на Управниот одбор и согласно со одредбите на статутот што е донесен и на претходниот статут и на новиот статут имам право и должност како член на Управниот одбор да вршам и да побарам какво било финансиското работење во МРТВ, а особено заради тоа што членовите на Управниот одбор и го донесуваат извештајот на финансиското работење. Затоа во овој миг уште еднаш ќе ги потсетам претходните говорници дека ние денес разговараме по точка 4 од "Службен весник на Република Македонија", органи на МРТВ под точка 3 член 17 и точка 6 дека еднаш годишно генералниот директор доставува извештај за работењето на МРТВ пред Собранието на Република Македонија. Значи разговараме по тоа, а она што го поткрепи господинот Пауновски, координатор на нашата партија дека во овој миг можеме да разговараме за се она што е извештај и да ги донесеме заклучоците, односно информацијата за санацијата на МРТВ. Значи се што е одделно, односно за развој на програмската политика и програмската политика која треба да биде донесена на управниот одбор ќе може да биде доставена и на резиме пред Собранието на Република Македонија. Но во чест и во име на вистината дозволете неколку суштински работи, за кои јас мислам дека пратениците ќе ги интересира, а особено медиумите.

За патувањата во странство на пример, извлеков само неколку сегменти и само неколку години кои за мене се многу важни, а кои ја покажуваат развојната линија на 1997, 1998 и 1999 година, значи како паралелно е водено одењето во колапс на МРТВ.

За патување во странство во 1998 година потрошени се некаде 264 илјади ДЕМ, односно во денари тоа е 8.224.443 денари. Раководниот тим таа година, менаџерскиот тим, во тоа спаѓаат уреднички политики и уредници, има потрошено во текот на една година, значи еден главен уредник, да кажеме кој води одредена програмска политика дали било на телевизијата или на радио, сам за себе има потрошено 28.000 ДЕМ или во просек доаѓа дека, тоа по човек е некаде околу 2.500 ДЕМ месечно. Што значи во исто време финансиската служба при МРТВ не наплатила одредени фактури, кон своите комитенти и тоа во некакви банални суми. Да кажеме деновиве е стигнат факс кон акционерското друштво "НЕОКОМ" во кој укажува на одредени фактури, на пример, 1.112 денари, од 26.000 денари од 6.000 денари од 5.000 денари не се исплатени.

И сега нешто што мислам дека е многу значајно и дека ќе ми биде многу жал што дискусијата на опозицијата веднаш паѓа во вода, а ние знаеме дека бевме бомбардирани за време на кампањата. Една навистина пре масовна платена политичка програма на СДСМ и тоа беше во ред, навистина, бидејќи тоа беше платена политичка програма и бидејќи бев присутна во реализирањето на митинзите на нашата партија, на ВМРО-ДПМНЕ, јас морам да кажам и исклучително да подвлечам, дека се она што требаше да се достави како партија од ВМРО-ДПМНЕ за политичка пропаганда, мораше благовремено и веднаш да биде наплатено, два или три дена пред настапувањето на МРТВ.

СДСМ кон маркетингот на МРТВ го нема платено својот долг на својата платена политичка програма за кампањата и тоа со сума од 7.780.684 денари, односно во ДЕМ тоа е 230.000. Бидејќи не сакам тоа да звучи непоткрепено и да не ме разберете погрешно, јас се извинувам, меѓутоа го имам и договорот, го побарав од службите за финансиско работење, Договорот за изнајмување на техничката опрема.

Во Договорот стои дека Јавното претпријатие МРТВ склучило договор со СДСМ со седиште во Скопје, дека договорените странки се спогодија за следното: МТВ и СДСМ изнајмува на користење техничка опрема со обврска за изборната кампања 98 година. Линковската врска СДСМ ќе ја користи во времето од 22.09.1998 година и натаму се додека СДСМ има потреба од истата. Понатаму, што е многу позначајно, како надомест за користењето и воспоставувањето на линковската врска СДСМ се обврзува на МТВ да и исплати по 500 ДЕМ за еден ден користење, во денарска противвредност, според курсот на марката утврден од НБМ на денот на исплатата, зголемен за 13% на име на даночна услуга. Исплатата на утврдениот надомест СДСМ, ќе ја врати во рок од осум дена по добивањето на фактурата.

Повторно денес има барање од финансиската служба да ни потврдат дали е благовремено упатено до службите на СДСМ, они досега четири - пет пати имаат поднесено фактура, а СДСМ се уште нема платено. Меѓутоа карактеристично е што овие 500 ДЕМ, вие знаете за една кола која врши пренос таква сума не постои. Било каков пренос некаде до 3.000 ДЕМ минимумот. Меѓутоа оваа сума укажува дека во тој период за услугите на СДСМ биле исплатени 500 ДЕМ.

Би сакала да кажам околу варијабилите кои биле давани во периодот 1996, 1998 година, исклучиво за вонредно ангажирање на одредени луѓе, одредени лојални луѓе на тогашната владеачка позиција, укажува дека тоа се работи само за 4 до 5 личности во раководниот тим на МРТВ, што кажува дека постојано варијабилата ја делеле тие исти луѓе. Јас само ќе кажам дека, за 1996 година се поделени 2.166.688 денари, а веднаш, по 1996 година во 1998 година, значи за две години кога МРТВ доживува навистина вистински колапс се поделени 5.065.293 денари, односно се разделени за варијабила 150.000 ДЕМ.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:** (Продолжение)

Го добивме извештајот на внатрешната контрола за девизното работење на МРТВ. Јас со тоа нема да ве заморувам. Меѓутоа би сакала да изнесам само еден клучен пример за откупот на девизите на девизниот пазар кој МРТВ го врши од фирми, или од банки каде што курсот на денарот на девизниот пазар се формира слободно согласно со понудата и побарувачката. За целокупната оваа активност постои соодветна документација и евиденција во сметководството и комерцијалното одделение. По предлогот на истата констатирана е следнава состојба. Во 1994 година во делот на искористувањето, односно плаќањето по тековните трансакции има случаи на непочитување на законската регулатива, каде што искористувањето на средствата е со задоцнување повеќе од 3 месеци, а се работи за плаќање со дознака, или со акредитив. Случајот со фирмата Југохром од Тетово.

Многу значаен момент 1993-1994 година раководството на МРТВ го губи судскиот спор со "Ино-Спектар", можеби не грешам, мислам дека Зоре Темелковски член на Вашата партија е директор на таа фирма.

Македонската радио-телевизија го има сама покренато за наплата овој судски спор, така што за наплата и побарување за емитување на економско -пропагандни пораки на програмата за "Ино-Спектар". На програмата на МРТВ има изгубено судски спор од 1.864.224 денари, односно со законската камата некаде околу 60 илјади германски марки. Изгубен е спорот без соодветен профит, без договор, нема маркетинг програмата, ниту пак на договорот меѓу фирмата "Ино-Спектар".

Би сакала да кажам уште неколку работи, меѓутоа тоа не е толку значајно. Меѓутоа, еве само еден од примерите за несовесното финансиското работење на ненавременото плаќање на обврските кон одредени трошоци. На пример за трошоците на електрична енергија на 8.07.1999 година со судско извршно решение број 701/98 задржани се средства, директно се спречени на жиро сметката на МРТВ во износ од 6.668.650 денари, односно тука некаде главниот долг бил четири милиони, а каматата која ја има платено за ненавремено плаќање на МРТВ е два милиони денари.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас на почетокот би сакал да искажам еден протест, во врска со денешната седница на Комисијата за политички систем и Комисијата за сообраќај и врски, бидејќи не бев известен и не можев да присуствувам на таа седница, каде што меѓу другото требало да се до дефинираат предлог заклучоците кои што Собранието треба да ги усвои по повод оваа Информација.

Второ, бидејќи нашата пратеничка група, односно координаторот господинот Никола Поповски имаше поднесено амандмани на Предлог - заклучоците и мислам дека воглавном ако веќе се држиме

до темата на разговорот и на дебатата, а не како претходната дискусија, мислам дека требаше вниманието да го сосредочиме токму на тие Предлог - заклучоци.

Тоа значи не сме до крај консеквентни и доследни во она што се залагаме во текот на вчерашната седница, особено од истакнати претставници на Партијата ВМРО-ДПМНЕ за карактерот на дискусиите. Ја користам приликата да му обрнам внимание на господинот претседател, да се придржува кон она што на некој начин беше прокламирано во текот на вчерашниот ден. Бидејќи имаме одредени Предлог - заклучоци и од наша страна во вид на амандмани, јас би сакал да искажам еден впечаток, со што мислам дека и моите колеги од Пратеничката група ќе се согласат, сепак ние да се воздржиме од ваков вид, или тип на заклучоци меѓу другото од следните причини:

Мислам дека самиот карактер на заклучоците за кои што се расправа, или кои што сакаат парламентарното мнозинство денеска да ги усвои. Уште еднаш ако внимателно се читаат: Собранието на Република Македонија, како основач на МРТВ го става во една дефанзивна би рекол инструментализирана позиција. Зошто го велам тоа? Имено ако внимателно ги прочитате заклучоците скоро никаде не се обврзува Собранието како оснивач она што беше и во претходната дискусија пред два, три дена спомнато, ако не се лажам од господинот Гошев, кој што кажа дека за една ваква крупна институција од сферата на јавното информирање или кога се преземаат одредени мерки и заклучоци, имајќи во предвид во каква ситуација се наоѓа да се подготви еден вид на санационо програма по која ќе се расправа.

Имено имам впечаток дека заклучоците се носат и со цел, мислам и самата Информација покрај заложбите на господинот Јакимовски дека тоа чесно, искрено се прави, фактички да послужат како едно алиби и покритие на мерките кои што во наредниот период ќе следат без Собранието да даде виза на една комплетна консеквентна санациона па и друга програма за развојот на МРТВ во наредниот период. Имено, веќе самиот прв заклучок, не знам дали е тоа по редот на значењето се зборува за штедење и рационализација, што впрочем самиот не сакајќи господинот генерален директор тоа го кажа пред неколку дена на телевизија, дека сите вработени во МРТВ од 1 септември ќе бидат отпуштени, некои од тие ќе бидат веднаш вработени, а другите ќе чекаат на ред. Значи имаме покритие од Собранието, мерката можеме веднаш да ја преземаме.

Втората работа, во вториот заклучок се однесува на наплатата, дури беше во едниот од Предлог - заклучоците користен терминот за присилна наплата, што мислам не се соодвествува особено на дигнитетот на Собранието па и на една куќа, укажува на потребата дека во наплатата на радиодифузната такса, треба да се оди и со присилен пат. Мислам дека многу по битно е сегашното раководство на МРТВ, да се загрижи зошто имаме една страшна тенденција на опаѓање на прибирањето на радиодифизната такса, во првите шест месеци од владеењето на новата менаџерска екипа во МРТВ. Затоа што податоците се тврдокорни.

Имено во 1998 година од радиодифузна такса, биле наплатени 741 милион денари, а за првите три месеци се на се 125 милиони. Ако се следи во наредните четири пати по 125, ќе добиете 500 милиони. Тоа значи 20% има опаѓање на радиодифузната такса од не плаќање. Сега не е само да се каже дека по присилен пат, туку треба да навлезете во суштинските прашања, односно причини зошто доаѓа до опаѓање на наплатата на радиодифизната такса. По мене две се клучни прашања, за кои што мислам деновиве се дискутираше, меѓутоа никогаш отворено до крај, ниту пак сегашното раководство или парламентарното мнозинство сака да го признае.

Тоа е дека опаѓа стандардот на луѓето, дека луѓето се полошо економски и социјално живеат, тоа значи дека ќе имаме уште поголем бојкот на радиодифузната такса, тоа што на некој начин сега се враќа како камен по својата глава, бидејќи јас добро се сеќавам господата пратеници од ВМРО-ДПМНЕ во првиот пратенички состав донесуваа тука големи тефтери и тетратки, каде што се собираа петиции од граѓаните на Република Македонија, дека треба да се бојкотира плаќањето на радиодифузната такса. Меѓутоа СДСМ покажа голема великодушност дури го спроведе тоа, согласно законска сила го спроведе со плаќање на електрична енергија. Тоа значи дека има некои траги од делувањето на тој период. Значи треба да се присетиме како сме работеле.

Вториот многу побитен фактор кој што влијае директно на опаѓањето на прибирањето на радиодифузната такса, тоа е во секој случај програмската шема на МРТВ. Едноставно луѓето не сакаат да гледаат таква програма која што во последните шест месеци се презентира на целокупната територија, односно за граѓаните на Република Македонија. Дотолку повеќе што добар дел на граѓаните на Република Македонија се спречени да ги следат

програмите на другите македонски независни телевизиски медиуми, заради тоа што не се присутни на одредени региони.

Мислам дека оправдани се реагирањата за квалитетот на програмата. Значи суштинско прашање е како тој квалитет да биде подобрен. Јас ќе ви кажам еден драстичен пример како известува МРТВ во последно време. Една банална така да кажам информација, која што идеолошки или на некој друг начин се прикажува. За разлика од приватните телевизиски медиуми во врска со одлуката на Врховниот суд за пензионерските 8% МРТВ дневникот вака го почна: Врховниот суд го одби барањето на Јавното обвинителство за заштита на законитоста од членот тој и тој, за пензиско и инвалидско осигурување. И ништо повеќе. Додека приватните телевизиски медиуми кажуваа: Извојуваа победа пензионерите со своите 8% во Врховниот суд. Раководството треба да се замисли дека во голем дел можеби најголем процент на гледачи, а и оваа седница ги гледа токму оваа категорија на луѓе пензионери. Вие кога ќе сакате да имате наплата висока, а му презентирате типично пропагандистичка порака, од која што пензионерот не може да разбере дали сега тоа е во негова корист или против негова корист, тогаш немојте да очекувате тој доброволно да ја плаќа таа радиодифузна такса. Тоа е само како еден пример.

Да не зборувам за другите делови од заклучоците, каде што се зборува дека се потребни нови инвестиции за обновување на техниката и технологијата во радио-телевизија, тоа значи нови средства и т.н. Тоа се влегува во нови инвестиции, а веројатно Анкетната комисија ќе има во предвид, која што ќе работи веројатно и подолго време, како ќе тие средства во врска со ковите инвестиции во МРТВ.

Па четвртиот заклучок го имате каде што се бара да се отпишат дел од обврските. Тука можеби е дискутабилно дали Собранието може такви заклучоци да донесува, меѓутоа да се согласиме дека може да дава препорака до надлежните органи, иако тоа може и без препорака на Собранието, владините институции во договор со јавните претпријатија да пристапат кон некој отпис на тие долгови.

Меѓутоа, јас би се запрашал зошто тогаш на некој начин не би биле во игра ставени и оние телевизиски канали, кои што имаат национален сигнал, на пример Сител телевизија, А-1 телевизија, каде што исто така еден добар дел ако не 40, 50, 60% од населението е покриено со нивната програмска шема, да не се пристапи кон исто така отпишување на дел од тие обврски, затоа што сигурно и тие на некој начин должат за струја, вода, комуналии и т.н.

Значи со еден збор сакам да кажам, да се вратам на мојата суштинска забелешка дека, станува збор за заклучоци за кои што се бара само алиби, покритие од Собранието, тоа значи да биде инструментализирано за еднократна употреба, а да не се направи тоа низ една програма.

И на крајот во делот токму ние инсистираме во заклучокот 3, ако не се лажам во точката 3, каде што се зборува и тоа ми даде повод да ја отворам оваа дискусија, каде што фактички Собранието е ставено на споредн колосек да не биде Собранието тоа кое што ќе ја погледа таа комплетна консеквентна изведена санациона програма материјално - финансиска, меѓутоа и на сите други прашања за кои што во дискусијата стана збор и за кое што мислам претходно нешто и претседателот спомна дека би имале можност и некоја посебна расправа за некои програмски прашања на работата на МРТВ, каде што ние инсистираме да биде поднесена програма до Собранието на Република Македонија во рок од три месеци. Тогаш мислам дека може да стане збор за една активна основачка функција и позиција на Собранието на Република Македонија, ви за ви комплексот на МРТВ. Вака ние сме ставени само во својство на аминување, алиби, покритие за некои итни мерки, кои што треба да бидат преземени, кои што мислам дека се повеќе од палиативен карактер и не одговараат на вистинската потреба, со тоа што Собранието на Република Македонија треба да се изведе.

Во таа смисла мислам дека пратеничката група ќе изрази воздржаност околу карактерот на самите заклучоци.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Љубомир Поповски за сугестиите.

Сакам само да ви напоменам господа пратеници, денеска не разговараме за програмските содржини на МРТВ. Денеска имаме една Информација во која што ни е објаснета материјално - финансиската состојба во која се наоѓа МРТВ. Јас предложив да имаме работен заклучок и на една од есенските седници да ги разгледате програмските содржини. И тогаш мислам дека ќе водиме една друга од друг аспект погледната расправа. Имаме право и на тоа, ако се разбира го прифатите заклучокот, работниот заклучок на Собранието, да го задолжиме директорот и воопшто МРТВ да ни достави. Но, денеска да се држиме на овие прашања конкретни и овие заклучоци кои што ги добивте. Се друго би не водело од

збор на збор во погрешна насока, односно ние би воделе расправа за нешто што не е предмет на оваа Информација.

Токму заради тоа, јас ве молам, бидејќи овде имаме доста пријавени дискутанти, да се задржиме точно на овие заклучоци од аспектот на нивно подобрување, од аспектот на нивно да речеме дополнување и т.н., за да бидеме рационални. Инаку секој има право да дискутира како сака. Во таа смисла јас ги молам и наредните дискутанти да дискутираат.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Има реплика на господинот Љубомир Поповски, кој ја спомна Комисијата за политички систем, каде што сум во улога на претседател. Го демантирам. Кажа дека не добил телеграма за денешната седница.

Од надлежната служба добив информација, дека тој е уредно поканет за денешната седница. Телеграмата е испратена вообичаено како и досега на Комисијата каде што е тој претседател и таа се препратува до нивната пратеничка.

Меѓутоа, не само на денешната седница и на претпоследната седница господинот Љубомир Поповски не беше присутен, а и другиот член од СДСМ исто така веќе подолго време не присуствува на Комисијата за политички систем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, како известување во род е.

Вие г. Поповски сакате реплика? Повелете.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас не сум навистина известен и нема потреба зошто да не присуствувам.

Јас бев присутен кога се расправаше за МРТВ за Информацијата, а на оваа последната седница не бев тука, така што нема потреба мислам нешто друго да се конотира на моето присуство во Комисијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, службите ќе проверат, па ќе видиме.

Сега, навистина, не можеме да влегуваме во расправа по ова прашање.

Збор има г. Спанаќов Ристо.

**СПАНАЌОВ РИСТО:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, навистина немав намера да дискутирам, меѓутоа, гледам дека повторно колегите пратеници во голем дел излегуваат надвор од точката на дневниот ред и мислам дека претходните два дена кога дискутиравме по оваа тема, слушнав две или три дискусии кој што буквално беа поврзани со темата. Се друго мислам дека беше надвор од тоа, така да мислам дека она што всушност е тема на разговор е Информацијата од директорот на МРТВ, не беше уредувачката политика, туку актуелните состојби во Македонската радио-телевизија и нејзиниот опстанок, така да мислам дека доколку е потребно да се задржиме на таа тема, мислам дека она што вие како претседател кажавте дека ќе има посебна точка на која што ќе се разгледува она што е уредувачка политика на Македонската радио-телевизија, по која што пратениците ќе имаат повторно можност да се изјаснат, мислам дека е во ред, мислам дека сега овој извештај што е поднесен, е сублимација на сите оние дискусии на колегите пратеници во врска со Информацијата која што беше поднесена, и од тој аспект гледано, мислам дека овој извештај всушност со сите оние предлози од колегите пратеници кои што беа дадени, мислам дека е во ред, на него нема потреба за амандмани според мое видување, можеби треба само да ги разгледаме, да видиме дали се прифатливи, да ја задолжиме Македонската радио-телевизија, односно директорот и неговиот Управен одбор, да изготват соодветни програми, и со такви програми да излезат пред Собранието, за да видиме каква е шемата за структурните реформи во Македонската радио-телевизија, она што го кажавме дека е потребно да се направи.

Така да јас би апелирал до колегите пратеници, понатаму во овој контекст да дискутираме, и доколку има потреба да поразговараме на таа тема, и мислам дека јас би гласал во врска со овој извештај за предложените заклучоци, со тоа што би сакал да се додаде само еден заклучок, кој што ќе ги обврзе Македонската радио-телевизија да излезе со Предлог – програма, со Предлог - шема за работата понатаму и по неа да расправаме како пратеници. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Спанаќов Ристо.

За збор се јави г-ѓицата Шеќеринска Радмила, повелете.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Можда е трета среќа, ќе го завршам се надевам она што сакам да го кажам.

Мислам дека на денешнава седница од расправата која што ја води, најдобар наслов ќе биде дека владетелот го нарече Собранието, глупаво Владетелот, оној кој што според своите зборови владее со Македонската телевизија, кажа дека Собранието што го избрало него на таа

позиција се однесува глупаво.

Најтрагично е што голем дел граѓаните, постои веројатност дека ќе му поверуваат, заради тоа што кога ќе ги погледнете програмите на Македонската телевизија, посебно кога ќе ја погледнете информативната програма, посебно кога ќе би погледнете главните вести, единствен атрибут кој што можете да му го придадете на ова Собрание, кое што го избрало таквиот генерален директор, навистина е можда глупаво.

Меѓутоа, што е тука е, неколку пратеници опоменуваат дека треба да зборуваме за темата на дневен ред и темата за дневен ред често ја поистоветуваат со пари, односно финансиската состојба, и јас тука сакам да кажам некои работи кои што беа кажани. Генералниот директор се обиде да одговори на некои од прашањата, меѓутоа ги заобиколи оние најважните кои што беа поставени во тек на претходните продолжувања на истата оваа седница, и надвор од секои правила и секоја процедура, барем по мене беше дискутирано и за некои досиеја, кои што не се познати на овие пратеници, кои што денеска дискутираат, кои што се наоѓаат во рацете на неколкумина привилегирани, и од кои што по избор се вадеа соодветни податоци. Па беше извадено дека за трошоци за патувања во странство во извесна година пред 99 година, се потрошени толку и толку илјади германски марки, од кои во членовите на раководниот тим потрошиле негдека околу 2.500 германски марки, секој поединечно.

Тоа само по себе јас не го сметам за податок. Податок ќе биде кога ќе ги споредите, кога ќе ги спротивставите овие денешни бројки, за она што се случувало минатата година, или предминатата година, со она што ќе се случува или веќе би се случило во тек на оваа година, па да видиме колку овие новите потрошиле. Е тоа е веќе споредба, тоа е веќе релевантно коментирање на податоците. Инаку доколку е точно она што јас го кажав на оваа седница за која што се зборуваше и во јавноста, тоа е дека некој членови, претпоставувам од раководниот тим, биле на некој толку важен саем или не знам каква конференција во Лас Вегас, претпоставам дека согласно со она вака што го имам како информации, претпоставувам дека трошоците биле поголеми од 2.500 германски марки, меѓутоа за тоа ќе почекаме некои други времиња, претпоставувам информацијата од наредната година.

Она што е проблем во овој извештај, она што ја проблематизира дискусијата за бројките, е тоа што цело време шпекулираме со некои туѓи бројки. Цело време се зборува овие долгови се направени во изминатиот период, овие долгови се должат на изминатите долгови и т.н. Кога јас споредив пред минатиот пат, практично, дека 15.000.000 германски марки потрошени или создадени како долг, краткорочен за три години претставуваат три милиони германски марки долгови, создавани во тек на една година. 9.000.000 германски марки создадени за овие месеци, кои што се овде коментирани од оваа тековна година од 3 месеци претставуваат 7,2 милиони германски марки годишно како иден можен долг, бидејќи претставуваат бројка која што ќе значи поголема вкупна бројка на ниво на година. Овдека имаше две објаснения за ваквата навидум апсурдна ситуација.

Едното објаснение го даде еден од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, кој што кажа дека во овие три месеци, практично само директорот мил од ВМРО-ДПМНЕ, останатиот дел од раководниот тим е стариот раководен тим, на што јас би имала само да реплицирам дека, навистина за каков генерален директор се работи кога не може да ги контролира трошоците во сопственото претпријатие, дури и покрај таков раководен тим.

Второ, објаснение кое што вака од време на време доаѓа во преден план, е дека тие трошоци се резултат на изминатите трошоци. Токму поради тоа јас се придружив и претходниот пат во барањата на еден пратеник, а тоа е да добиеме навистина опис и попис на долговите кои што се направени во ова тромесечие, да се види кои се резултат на некој минати долгови, кој се резултат на сегашни состојби. Дали сегашниве состојби или овие проблеми во овие три месеци ќе исчезнат, со самото тоа што ќе се пребијат сите долгови или понатаму Македонската телевизија ќе продолжи со постојано создавање на долгови.

Токму поради тоа мислам дека беше несоодветен ова сектирано досие, кое што го видовме на неплатени долгови, досие со изгубени судски постапки, кои што се изгубени без да се води судска постапка, за кои што навистина не знам како се случиле, и повторно досието на неплатени долгови беше селективно. Тука беше искажано колку должи, меѓутоа знаете, должи и за тоа има документација, тоа седи и постојат фактури и за тие долгови може да се води постапка.

Меѓутоа, останува прашањето кое што јас го поставив минатиот пат, меѓутоа бев спречена да продолжам понатаму. Колку должи или колку плати ВМРО-ДПМНЕ за преносот или за деловите на пренесениот конгрес на ВМРО-ДПМНЕ. Дали за тоа постои

фактура и ако постои дали е таа платена. Тогаш, навистина, можеме да дискутираме и да дебатираме дека проблемите се резултат, всушност, на политичките партии. Толку имав за бројките, бидејќи навистина мал е делот на податоци кои што ги имаме по оваа информација и навистина непријатно е како пратеник сега да бидете изненадени и да влезете во сега навистина нова дискусија со нови бројки, кој што ги имаат само неколкумина, како што реков, привилегирани. Нема да зборувам за уредувачката политика.

Еве, со нетрпение, ќе кажам дека ја очекувам таа дискусија на која што ќе зборуваме и за овие прашања, меѓутоа со една реченица буквално ќе кажам дека, мене ми е сосема јасно зошто се случува и како се случува тоа што се случува во Македонската телевизија. Минатиот пат слушнавме еден лапсус, кој што е нормален дека сеќавањето треба да не слуша. И, тоа не е така лапсус кој што не е така наивно даден. Овде навистина се очекува во оваа држава не ние да го слушаме сеќавањето, не ние да се потсетуваме, туку сеќавањето да не слуша нас, да ги слуша нашите потреби во сегашноста. Токму поради тоа МРТВ таква каква што е, бидејќи таа не сака да не потсети на тоа што се случувало пред, пред шест месеци или пред една година, освен некои работи за кои што треба да не потсети, не сака дури да ги потсети и оние кои што сакаат што побргу да заборават на предизборните ветувања и она што се случуваше пред една година и повеќе, туку сака да направи нашето сеќавање на нас на кој што се уште не служи сеќавањето, нив да ги слуша да ги слуша нивните сеќавања, да ги слуша нивните приказни.

Мислам дека тоа ќе биде тема за која што ќе дискутираме долго, долго и на широко во Македонската телевизија, меѓутоа очигледно ќе бидат бесполезни намерите, да се разбереме, бидејќи од една страна Собранието какво такво му даде доверба на генералниот директор, а од друга страна генералниот директор не само што не го цени, не само што го потценува, туку и го навредува ова Собрание.

Мислам дека, за жал, ова Собрание дозволи, не само по оваа епизода, морам да признам туку и претходно да влезе во еден вител на рапидно паѓање на стандардот, на паѓање на принципите, на паѓање на нормите на однесување, кои што не знам дали и ние како пратеници, дали ова Собрание, дали и претседателот, дали и претседавачите ќе можат да го вратат назад. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на г-ѓата Шеќеринска Радмила.

Реплика има г-цата Божиновска Валентина.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Почитуван претседателе, од секогаш неверојатно се восхитувам на обичаите во стара антика на луѓето по направениот греф, ќе се опсипаа со пепел и така се лишуваа од срамот и од гревот.

Меѓутоа, неверојатна е една групна дијагноза на СДСМ, да тоа не умеат да го направат. Неможам да сфатам, како од едно високо парно говорништво на претходниот дискутант, не можам да врзам ништо што е точно од брзо глаголиво и ништо што е точен заклучок. Всушност, ништо што е не соодветно на денешнава расправа.

Дозволете ми да објавам уште еднаш дека, овие информации кои ги имам како член на управниот одбор се точни, односно дека се добиени од финансиската служба на МРТВ и дека тие секој од вас може да ги добие и да ги има на прочитување пред вас и на согледба.

Понатаму, кога сме веќе, а влеговме во програмската политика да не заборавиме дека тогашниот премиер г. Бранко Црвенковски, сегашен претседател на СДСМ, многу добро знаат новинари дека при влегување на одредени ПРЕС-конференции фрлаше касети и ги маваше новинарите кои не беа лојални, тоа одредени новинари многу добро го знаат, кои не пишуваа точни работи во времето на кампањата. Многу добро камерманите знаат дека за време на кампањата беа терани од страна на службите на раководните тимови да се качуваат по дрва, по згради што помалку да може да се прикажува колку народ е собиран на митинзите на партијата ВМРО-ДПМНЕ.

Многу добро понатаму се знае дека, во таа година беа дадени од страна на претседателот на Владата г. Црвенковски станови на 4 до 5 луѓе, кои беа лојални на вашата политика. Според тоа, станува дека вашата дискусија денеска е апсолутно на конструктивна. Податоците ќе се добијат, податоците постојат, па според тоа ќе разговараме кога ќе бидат на седницата. Благодарам на вниманието.

**САВИ КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓицата Шеќеринска повторно побара реплика, само знаете дека до три пати имате реплика, па немојте да заборавите со репликите.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас ќе го изразам своето задоволство најпосле и да се согласам. Се согласувам апсолутно си изјавата што ја даде колешката, дека во мојата дискусија не чула ништо несоодветно. Јас навистина немав намера да кажам нешто што е несоодветно и навистина го ценам ваквиот коректен однос.

Сакам само едно да кажам овде, се зборуваше и во претходните продолженија кој е конструктивен, кој не е конструктивен, кој се држи до темата, кој не се држи до темата. Опозицијата учествуваше само со неколку дискусии во текот на дискусиите по оваа точка и тие всушност не беа причината поради која што дискусијата траење толку долго. Практично, она што ни се случуваше во изминатите денови беше дека пратениците од парламентарното мнозинство, чувствувајќи дека е ова тема на која што губат поени, мораа да го пополнат времето и мораа да зборуваат за што друго, не за оваа информација, туку за зборуваат, како и сега постоеше обид за тоа што се случувало во претходните парламентарни избори, за тоа што се случувало претходната година, за тоа кој каков однос имал со новинарите, на кого му биле давани какви станови и не знам што се не. Тоа е дискусија која што ја водевте до изборите, за време на изборите, сега веќе тоа не е тема.

Меѓутоа, мене не ми пречи дури и да се навратиме назад, заради тоа што кога ќе се навраќате назад ќе треба да ја направите споредбата и со денес. Пак, тогаш ќе видите дека за разлика од тогаш мојот ценет колега г. Пауновски, мојот сегашен актуелен заменик г. Бучковски нема што да бара на Македонската телевизија во главните вести, едноставно нема време. А, јас би сакала, еве, доколку навистина постои информација дека посебно во периодот на изборите, меѓутоа и пред изборите во периодот кога јас бев потпарол на СДСМ и во периодот кога колегата Пауновски беше потпарол на ВМРО-ДПМНЕ да споредиме кој колку имаше време со своите прес-конференции на главниот дневник на Македонската телевизија. Е, тоа е проблем, проблем е што сега тоа време е нула и тоа е проблем што денеска и во изминатите денови парламентарното мнозинство се труди да го скрие и да го замати зад бројки, зад минати однесувања зад закани на некои неименувани новинари и некои неименувани камермани и т.н.

Проблемот што јас го кажав овдека не е дека тие податоци кои што беа изнесени на оваа говорница или во ова Собрание се неточни. Јас не ни можам да знам дали се точни или не се точни. Проблем е што дискутираме едните со документ пред себе, другите без документ пред себе и се споменуваат и се наведуваат овие документи како нешто на што треба да се верува. Јас верувам дека на вас тоа ви е во ред, бидејќи вчера слушнав дека усвоивте документ за кој што не сте го прочитале. Меѓутоа, навистина ми пречи доколку влеземе во дискусија со бројки, имиња, фирми за кои што сите ние немаме податоци. Кога ќе ги добиеме можеби ќе дискутираме, велам, немаме сите привилегија да бидеме членови на Управниот одбор на Македонската телевизија. Меѓутоа, дури и тие да се точни, бидејќи јас не ги доведов во сомневање, не е проблемот на постоење на фактури, проблемот е што денеска веќе нема фактури. ВМРО-ДПМНЕ има слободен и бесплатен пристап по 20 или 30 минути на Македонската телевизија да пренесува свои партиски активности. Тоа е проблемот. Не пишуваше таму ниту платена политичка програма, ниту ЕПП, ниту не знам што да се скрие тој срам, што за мене, дури како граѓани на Република Македонија е срам, заради тоа што дефинитивно стана Македонската телевизија, партиска телевизија.

Овие податоци се податоци од кои што никој не може да бега и тие податоци за нив можеме да дискутираме. Тоа се бројки, барем тие се лесни за дискусија. Велам, ако не го споредите она што денеска го имаме или го имате во Македонската телевизија, тогаш ништо не значат ниту обидите за обвинувања, ниту обидите за напад. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-цата Шеќеринска Радмила.

Збор има Пауновски Љубен.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Добро, иако од пратеник на нашата пратеничка група беа соопштени некои елементи, многу јасно во својство на член на Управен одбор, што доколку и малку има сомневање или веродостојност во изнесените факти, тоа би било навистина штета, бидејќи е член на Управен одбор. Јас се сомневам дека има и малку тука дилеми дали има вистина. Од тоа љубопитство побарав еден документ, иако не знам од каде можат камерите нека го претставaт, многу е убаво и читко е се за колку пари се изнајмени дневно тие технички услуги, а знаеме каква привилегија и каква предност да имате од изборна кампања директни линковски врски. Јас сум работел, за среќа во тој медиум. Така што тие документи можат да се претстават јавно. Не гледам тука причина зошто толку од тоа сега потресување.

Во ред е да се има одредено сомневање или да се побара дајте да ги погледа јавноста, меѓутоа да се тврди дека тоа не е така, за жал мораме да прифатиме дека е така. Еве, на пример, тоа јас го покажав, еден од тие документи.

Сега, околу другите расправи, пак ќе посочам на овие факти кои беа изнесени, всушност, само тие неколку елементи кои беа документирани кажуваат зошто некаде 4 до 5 години од овој Парламент, значи поранешниот состав не си ја извршил својата основна функција да го потсети раководниот тим да донесе извештај пред овој Парламент.

Господа, можеби вие сте очекувале дека тие ќе се сетат на тоа, меѓутоа, ќе мора и јас да сум бил во тој состав половина по половина да ја поделиме вистината зошто повеќе од 4 години една куќа од национален интерес, од интерес на сите граѓани сме дозволиле да не се појави да поднесе извештај. Значи ние во еден дел не сме ја заслужиле сопствената плата.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:** (Продолжение)

Најверојатно ваков вид на документи тврдат, можеби, не тврдат некои од овој Парламент, инсистираат да не се бара извештај од таа кука. Најверојатно пред овие аргументи. Значи професионалниот однос на пратеникот апсолутно фиксиран е тука, најверојатно во овие четири години. Затоа сега се бара професионален однос да има пратеникот тука, а не да биде на десет места.

Од друга страна, јас тоа лично го разбирам сосема чесно, да се воздржи СДСМ, односно да се изземе од давањето согласност, односно од гласањето за да се направи обид од таа една четвртина, или не знам која беше да се покрие она што избраниците на минатиот парламент, а бидејќи СДСМ доминираше во Парламентот, тоа се ваши избраници на раководните места во МТВ, Вие им дадовте согласност, па на крајот, независно дали биле партиски членови или не биле. Јас навистина тоа го разбирам како чесен однос од Ваша страна сега да не гласате за овие заклучоци, бидејќи со тоа ќе треба да бидат покриени, треба да се покаже дали несовесно, не професионално работиме, што довело до овие трошоци во оваа куќа, до овие финансиски дупки. Апсолутно, лично мене и на пратеничката група, мислам дека тоа е чесен однос, ако сум дал согласност два мандата да работи, или еден мандат во МТВ, а направил вакви финансиски дупки, да се оградам од можните решенија кои сега се пронаоѓаат и тоа на еден ваков начин, за жал, одредени долгови да се отпишат, како што тоа се случи во овие меѓународни институции што излегле во пресрет на оваа куќа.

Бидејќи работев во таа куќа и бидејќи сепак морам да добијам одредени информации, на таа одговорност ме носеше моето присуство. МТВ и бидејќи сепак морав да добијам одредени информации, техничкиот аспект на МТВ е катастрофален. Тој бил познат во јавноста сите години наназад. Во оваа ситуација, во овој момент беше изнесено дека 93% е амортизирано. Точно е дека одредени технички постројки, кои треба да користат во секојдневното работење на МТВ се неколку пати веќе амортизирани, беше споменато 200%, затоа се одржуваат не знам на каков начин.

Од друга страна, се соочуваме со една ситуација, со еден факт што не е доличен на никого да му се случи, од сега натаму треба некој да ја примени таа практика, бидејќи ние сме во овој случај во Парламентот таа доминантна група, во ваква ситуација 3% амортизирана техника, тоа секојдневно се крпи за да може да функционира, од интерес за целата држава, нам ни се нудат овде документи дека СДСМ ги користи со можност и подолг период, или на било колку период, а не навремено ги исплаќа своите обврски, закупот знаеме колку чини сите ние, бидејќи сме работеле во изборни кампањи колку чини изнајмувањето на техниката. На некој начин не се наплатени над 200 илјади марки. На некој начин тоа е директно учествување во амортизирањето, да не речам во своевидниот технолошки распад на куќата.

Исто така, беа споменати и кадровските прашања. Таму е наименуван генерален директор од Собранието, се знае дека тој е член на ВМРО-ДПМНЕ, се знае во раководните структури во раководството, како што многу пати се спомнувало, не е. Ниту во извршниот комитет, ниту во централниот комитет, но тој е член на нашата партија. Тогаш тоа го соопштивме од кои причини и како. Меѓутоа, се друго што е внатре е искористен внатрешниот потенцијал. Таму имате директор на телевизијата, имате одговорен уредник кој ја води информативната програма. Тоа се онаа групација, на оние луѓе во оваа куќа, кои само минатата година да ги земеме предвид, нека бидат и четири, нека бидат и пет, тоа се оние луѓе кои можеби оствариле најголем број патувања, низ Македонија да реализираат емисии, од г-динот Цветановски, познати се тие разни репортажи низ Македонија, документарни филмови и т.н. Значи тие учествувале директно во тој систем и најдиректно во екипите кои биле постојано мобилни. Јас сакам да верувам дека тие учествувале во производството на програмата со нивните идеи. Значи не зборам дека биле во тој раководен тим кој функционираат со

своја политичка наклонетост. Тие луѓе, а еден од нив е г-динот Бранислав Димовски, исто така беше еден од најподвижните нај присутните луѓе во информативната програма, а сега му е доверена задачата да ја води информативната програма. Имаме известувачи од Собранието кои известуваат, кои беа постојано во екипите на гарнитурата која ја изнајмуваше оваа техника.

Друга работа, што се однесува околу односот на кадрите, своевремено во таа куќа имаше донесено правилник , кој го донесе раководниот тим на таа куќа, дека новинарите кои работат таму, во МРТВ, не смеат да се појавуваат со свои лични видувања во печатени медиуми надвор од таа куќа. Тоа беше мотивот да избега една голема гарнитура на новинари во други медиуми. Сега некој од тие потписници на тој документ, со кого се забрануваше, сега се по сите весници, а никој ништо не им направил. Авторски текстови има, што јас лично мислам не треба ништо да им се направи. Јас бев таму вработен и јас го знам тоа лично. И можам да ги кажам кои се тие новинари, но не е предмет тоа на расправа, меѓутоа, тоа е факт. Имаше многу убави размислувања и од страна на опозицијата, меѓутоа многу е чудно зошто сега се предочуваат, се фрлаат како нерешени прашања за МТВ, ако ниедна од минатите години 8, 7, 6, 5-та наназад, воопшто не се покренати. Зошто национален совет кога сте имале можност не сте покренале, а зошто сте убедени дека сега не е реализирано. Оставете го тоа на раководниот тим. Значи не да ги пренагласуваме работите дека нештата ги нема, а потребни се. Јас се согласувам дека се потребни, но не се направени.

Што се однесува до уредувачката политика, бидејќи беше споменато, тогаш мора да се одговори. Таа останува само на својата куќа Раководниот тим, програмскиот тим и новинарите. Треба тоа така да функционира секогаш. Меѓутоа, ние бевме сведоци, само до вториот круг на изборите, додека не се видоа резултатите кои се дека размената меѓу овие две три куќи за романски сценарија, за запалување на Македонија, за продажба во не мзнам кој европски центар, шетаа меѓу две три електронски медиуми, меѓу нив и МТВ.

Во овој период од два три месеца, сепак , ниту еднаш не е земена на таков начин  партија , ниту личност од партија да се фрла таква анатема, дека станува збор или за продажба на државата, или за дефинитивно рушење на државата, како што тогаш се правеше. Значи сепак тоа е голем чекор напред.

Што се однесува до прашањата на оваа задолженост на куќата овој финансиски проблем што го има во тој контекст. Не е безначајно ако во текот на една година некаде 150 илјади марки ги дели некој раководен тим на име на не знам какви критериуми. Ако тоа не е точно, јас ги гледам сепак документите, ако во текот на еден месец некои од најтесните раководства земале по илјада или две илјади марки зголемување, за некаков квалитет, ако е тоа зголемување за квалитет, да се пласираат два три дена романски сценарија да се препишуваат на ВМРО-ДПМНЕ, веројатно заслужиле да добијат две илјади марки.

Од друга страна последниве 10 до 15 години, само неколку личности 2, 3 до 4 се вртат како привилегирани, добиваат по 2, 3 мандата во "Дојче Веле" како дописници, а знаеме дека за "Дојче Веле" се добиваат до 5 илјади германски марки плата месечно. Ова Ве информирам, само како податок зошто 2, 3 лица или 4 се вртат на сето тоа. И тоа влегува во своевидните интерни нарушувања на системот, меѓу човечки и секакви може утре да ги изнервираат камерманите, осветлителите, монтажерите, не знам дали имате увид, но тоа се многу сериозни алки во системот на функционирање, додека една наша изјава од работа на Парламент или било што додека дојде и влезе во домот на граѓаните. Нека не не чуди зошто можеби одредени работи биле запоставени, фаќале прашина кога тие луѓе добивале, јас не велам дека тоа се ниски плати, тоа се стандардите на оваа држава. И тоа тука е се во ред, меѓутоа понекогаш човек се компарира со 300 марки плата со некои што 2 или 3 мандата добива илјада марки плата. Мислам дека тоа не оди едно со друго.

На крајот што се однесува до таа присилна наплата. Во заклучоците гледам дека тој термин го нема, тоа го има во Информацијата, меѓутоа присилна наплата, ако сакаме да се фаќаме за некои зборови, што е суштината на нештата, навистина дали тоа пробива некои правни норми, правни категории, присилната наплата во овој документ што нам ни е даден да го разгледаме, останаа на раководниот тим на МРТВ, всушност подразбира, инсистирање како во другите сфери, судскиот систем во Македонија да биде по ефикасен. Да немаме како што сега наследивме над 20 илјади со година не решени судски парници. Тоа прашање треба да се стави на анализа колку се субјективни во одреден процент, колку се објективни и т.н. Тоа инсистирање ако некој не платил 5 или 10 месеци, обврзано да поведе судски спор. Значи тоа не е добра желба ниту на претходниот директор, ниту на

овој. Тоа е нивна професионална обврска. Тоа подразбира инсистирање судовите да бидат поефикасни. Јас се надевам, иако тоа можеби не е добро да се соопштува овдека, меѓутоа нај веровaтно има одредени подрачја кои не добиваат сигнал, треба да се изземат, или одредени ситуации од одредени други категории на граѓани, каде што може да се има сепак обзирност.

Меѓутоа, факт е дека некои граѓани со добар стандарт имаат по 5 месецине платено. Значи фаќањето сега на еден термин, кој можеби е соодветен, така што вчера беше поставено прашање дали виша сила е правен термин. Одговор добивме и мене лично ме интересираше од документи од други држави тоа да биде возможно. Се подразбира кои се тие работи. Не е проблемот само во опфаќањето на терминот, бегање од темата.

И сосема на крајот, исто се придружувам кон потребата, ова ново раководство да ја искористи меморијата, што сите ние ја имаме, а како што гледам веќе само после 6 месеци, бидејќи овој документ е подготвуван најверојатно можеби 2 месеца наназад е правена една анализа. Значи не 6 месеци, туку некаде 3 месеци, гледајќи каква е ситуацијата, ја послушале меморијата, виделе, седнале сериозно да ја земат во предвид, дека тоа што се работело е пристапено со еден ваков документ. Значи, според тоа сум убеден и се придржувам кон тоа дека да не ја запоставуваат меморијата, бидејќи се сериозни наследени проблеми, во рокот што е нормално определен да излеземе со ова Собрание со еден извештај, каде што ќе можеме и многу други работи да разгледаме. А инаку, другите работи се сосема јасни. Се што е ова е наследено до преземањето на раководниот мандат на МТВ и беше прецизно кажано и јас би замолил исто така, таа дополнителна анализа да биде доставена до пратениците, кои вид на премостување, склучување на зделки, даречеме склучување од карактер на маркетинг во Прилеп, не може да го поништи повеќе новото раководство, ако претходното на примопредавање на мандатот, на пример во текот на декември, кога стапи новата коалициона Влада во Македонија, имаше доволно време старото раководство во МРТВ да направи зделки. На пример тие своевидни акцептни налози, да направи зделки за маркетинг, да направи за набавка на незнам што, технички набавки, хартија, или компјутери, исхрана како сакате, ако тие се потпишани договори, не може овој раководен тим сега да прави проблеми со десетици претпријатија во Македонија. Значи тоа се меѓу период префрлен работи. Тоа го соопшти генералниот директор и јас би замолил зошто да ја измачуваме јавност, ние зборуваме едно, опозицијата друго, таа анализа да се достави, ќе го погледаме тоа и готово. Главно е се јасно од каде е ова наследено. Меѓутоа дали ние сега сакаме да помогнеме да се стабилизира оваа куќа, во интерес на сите граѓани на Републиката.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Љубен Пауновски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, ние материјалната расправа околу оваа точка ја завршивме минатата седница. Материјалната расправа е завршена и требаше да се изгласаат заклучоците и да се пристапи амандмански кон тие заклучоци. Јас не знам, ние уште еден ден отворивме материјална расправа без потреба.

Ве молам, поштедете не да ја завршиме точката така како што беше редот и да преминеме на гласањето на заклучоците или амандманите кои евентуално се пристигнати.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Котевски ние расправаме токму по заклучоците, а сега тие што повторно се враќаат на материјалната расправа, секој се навраќа на заклучоците и по заклучоците се расправа. Расправата не е затворена, но остава да се усогласат ставовите на комисиите. Усогласени се ставовите, но сега се води расправа по заклучоците, кои што се доставени. А Вие знаете имаме амандмани, па и по амандманите водевме расправа, што значи дека јас овдека не можам да го расчистам прашањето, заклучоци и расправа, тука има и реплики, деловнички се е дозволено, според тоа, ајде да привршиме уште малку имаме само ова јавување од збор на збор и така натаму навистина заморува, а еве уште се јавуваат на екранот, што не знам воопшто, дали ќе можеме да ја завршиме. Дајте да видиме има ли предлози во однос на заклучоците. Ако имаме да ги дадеме тие предлози и по нив да расправаме.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Сакам да расчистам две работи кои беа спомнати. Јас во ниедно обраќање ни првиот пат ни вториот пат се вистински или не вистински. Ниту сакам да судам, ниту можам да судам и мислам дека тоа е ирелевантно. Она што е ирелевантно кога ќе направите споредба, кога ќе кажете ова се случувало, сега вака се случува. Значи има напредок, значи се грешело. Да се кажува ова се случило, а сега истото се случува и уште полошо, од тоа да се вади погрешниот

заклучок, мислам дека нема да биде корисно. Токму поради тоа, тука постојат некои фактури, постојат некои договори, секогаш може да се дебатира дали се корисни или не корисни, или може да се покренува одговорност, тоа воопшто не е дел од оваа собраниска расправа. Меѓутоа, кога тие ќе бидат изразени на оваа говорница, тогаш нормално е да се постави прашањето, каде се другите фактури. Каде се фактурите до Конгресот на ВМРО-ДПМНЕ. Можеби се платени. Меѓутоа, велам ако излегуваме поединечно само со една фактура, со еден договор, со еден заклучок и само тој го покажуваме, ќе се изгубиме во бескрајните реплики.

Втора работа, мислам овде беше спомнато, јас не мислам дека можеби новинарите се виновни заради начинот на кој известува МТВ, меѓу другото и од прес конференцијата на СДСМ, ниту пак мислам дека измени во новинарскиот состав, тука можат да значат квалитетно одење напред иако можат да значат квалитетно одење назад.

Мене ми е јасно, кога ќе дојде новинарската екипа на МТВ да покрива Прес конференција на најголемата опозициона партија и кога ќе донесе камера и кога ќе направи само снимка околу, а нема да ја снима Прес конференцијата, мене ми е јасно дека тоа не е проблем, после тоа известувањето не е проблем на новинарот. Проблем е на уредникот и на раководниот тим кој го испратил да направи снимка и да подготви 30 сек. Прилог, што ќе оди над третите вести. Јас немам дилеми дека тука ниту новинар, ниту снимател, ниту било кој вработен во Македонската телевизија може тоа да го измени. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓицата Шеќеринска.

Мислам дека веќе правото на реплика е искористено.

Господинот Пауновски пак реплика.

И ваше последно право е ова веќе, ќе ве молам.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Последно, да. Видете, само во рок од две или три минути два пати противречност. Не се тврди за документите дали се веродостојни не веродостојни, а потоа пак се тврди што значи еден документ или два документи. Тука беа спомнати барем 4 - 5 документи. Тоа жонглирање со зборови треба да се, добро, нека биде така, во ред, меѓутоа многу е јасно тоа.

Втора работа, околу минутажата, бидејќи два пати беше спомната, на претходните избори. Видете, до ОБСЕ стигна прецизно мерење на минутажата. Секој извештај на Македонската телевизија, како и за сите други телевизии, комплетно Изборниот штаб на ВМРО-ДПМНЕ правеше целосна анализа. Снимени се сите извештаи, сите емисии, сите извештаи од прес конференции, сите изјави. Направивме една анализа, бидејќи се ставени на касети, ги поседуваме во нашата партија, тој извештај беше изнесен на Прес конференцијата, вклучително и печатените медиуми. Никој тогаш не го негираше тоа, бидејќи до секунда беа точно измерени и тој извештај беше пратен до ОБСЕ. Значи, не стои дека јас сега ова само го тврдам дека минутажата за СДСМ во однос на ВМРО-ДПМНЕ, барем само во изборната кампања беше некогаш дури и дупло поголема. Поголема минутажа во извештаи и пренесувања од прес конференции, од митинзи...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, пак одиме на програмски определби.

Само се препукуваме.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Само уште ова.

Во ОБСЕ можете да го побарате комплетниот извештај. Да, да ги побарате и касетите.

Втората работа, платената политичка програма од вториот изборен круг, раководниот тим што вие го поставивте не ја прифати, ја одби од ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам. Репликата е завршена.

Одиме понатаму.

Имаме уште двајца дискутанти пријавени.

Едниот е г. пратеник Харуни Сејфедин, а другиот е г. пратеник Ханџиски Благој.

Ќе ве молам, ако е можно пократко да се задржите.

Има збор г. пратеник Харуни Сејфедин.

Ќе ве молам, времето не можам да го ограничам.

Како сите што имаа право на дискусија, така и секој ќе има до крај.

Повелете г. Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, по втор пат се пријавив за дискусија и проблемот, заправо

што е пред нас за расправа, ми се чини е еден од основните проблеми што бара третман и решавање како тежок проблем и бара итно решавање. Дека е тоа така тоа е повеќе од јасно, затоа што со тој проблем МРТ и сите ние сме соочени повеќе декади. Значи, уште од минатиот систем и кога истата и се формира. Овој проблем треба да биде сфатен како една парадигма, затоа што се однесува и на сите други информативни медиуми што имаат поширок општествен карактер.

Таа е многу сложна материја што бара високо - стручен професионален приод и во секој случај, не може да се разгледува и да се сфати улогата на поданици и газди кои треба да ни посолат памет, ама секој ден.

Информативните медиуми, како поле на широки интереси на севкупното општество, очигледно луѓето кои работат во тие медиуми можат да размислуваат за оваа проблематика и да ги согледуваат слабостите и дури да предлагаат интересни можни концепти за решавање и надминување на проблемите. Мислам дека е крајно време кога треба сериозно да се занимаваме со овој општествен проблем за да го најдеме правото решение, а не после извесен број или пак месеци и денови, иста една информација да се најде на дневен ред во Собранието како основач на оваа медиумска куќа.

Мислам дека забелешките што беа упатени од страна на ВМРО се апсолутно не коректни во некој дел и мислам дека немаат морално право за такви забелешки. Слушнавме такви говори што имаат навистина информбировски карактер, со ништо не беа ни содржајни. До тој степен беа демагошки што, навистина, се чудам некои од дискутантите, ги ценам и дека имаат еден вид степен на интелигенција, да не влегуваат понатаму во такви стапици, но и од нив тоа едно исто и се очекува и се случува.

Ова проследено од претходниот систем и Сојузот на комунистите на Македонија, како владеачки систем, го инсталираа партискиот начин и влијание во МРТ и во другите државни медиуми, како што е НИП Нова Македонија "Флака" и ред други списанија што излегуваат дневно. Тој систем тоа го создаде, а вие господо од ВМРО и коалицијата создадовте навистина реликти на поданици и типични измеќари составени по партиска функција и мислам дека со ништо не се разликувате од претходните системи. Со кого си, таков си, она што беше и порано (реакции од место), почекај ме малку, Вие сте забар, да не трошите многу заби...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни Ве молам ...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

И тоа во исто време, ако не си со мене значи против мене и во време кога Инфорбирото ги инсталираше таквите сценарија "со Тито или со Сталин" ...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни ...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Тие што беа со Сталин на Голи Оток, тие што беа со Тито останаа и натаму...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, дајте, информацијата и прва опомена имате.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

И сега, повторно поставувам прашање - ВМРО, што е тоа? (Реакции во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Држете се на Информацијата.

Не е прашање ВМРО и другите сега. Информацијата е конкретна.

Ако не, ќе ве молам, па не можеме сега да дискутираме што сакаме од говорницава.

Имате Информација, имате заклучоци, по нив расправаме.

Што се вклучивте вие многу подоцна, тоа е ваш проблем, не е наш проблем.

Ќе ве молам, денеска расправаме по заклучоците. Не расправаме по други прашања.

Според тоа, ова ви е прва опомена да се држите на тоа што треба да се дискутира.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Останува ...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не, не, дискутирајте си вие, имате заклучоци, по нив дискутирајте, а не сега што ќе ви текне.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Претседателе ...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете, повелете, дискутирајте.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Претседателе, јас гледам дека луѓето се погодуваат и доста се погодени.

Меѓутоа, нам едно исто ни се повторува. Е сега, ние сакаме од овие рамки да излеземе. Како ќе можеме да излеземе од овие рамки ако не дискутираме онака како што треба.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, вие не бевте тука, ние заклучивме...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас и кога би се обидел, господине претседателе...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

... за програмските определби на Македонската телевизија зборуваме денеска...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

... и кога би се обидел господине претседателе и за програмските определби према Радио телевизија на Република Македонија, тоа што е и тема на три страници...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа ќе говориме на следна седница.

Не е тоа денеска на дневен ред.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Заклучоците нема да ги гласам, забелешките по заклучоците, доколку не се усвојат оние забелешки што ние ги баравме, Албанците бараат трет канал, а во едно радио и телевизија на Република Македонија емитува на 24 часа емисии, па често пати тие емисии не се интересни и зошто таа природно прави узурпација на тие права, да ни се заправо узурпираат.

Бараме третиот канал да биде на албански јазик и истиот канал нон стоп да работи.

Имам и ред други забелешки, но неможно е во еден ден и на една друга расправа ќе останам подолго и пошироко, бидејќи е неможно да се дискутира во Собранието на Република Македонија.

Јас ја повлекувам мојата дискусија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. Харуни Сејфедин за сугестијата.

Последниот дискутант го имаме, веројатно ќе биде кратко, г. Ханџиски Благој. Повелете.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, мислам дека нема прашања од дневните редови на Собранието на Република Македонија, што можат да се подведат под категоријата помалку или повеќе важно, па соодветно на тоа помалку или повеќе време да му посветиме или со помала или поголема сериозност да се однесуваме кон него.

Мислам дека и на ова прашање од дневниот ред на нашево Собрание му се посвети и доволно време и се вклучија во расправа голем број учесници, се отворија голем број аспекти на проблематиката, меѓутоа сепак сметам дека и покрај тоа што на оваков сериозен начин се пристапи, дека повеќе пратеници во повеќе наврати излегувале надвор од темата и дека тоа е една од причините што навистина расправата трае и подолго отколку што треба.

Во таа смисла пратеничката група на СДСМ, морам да кажам процентуално со најмал број на учесници, ги изнесе аргументирано своите ставови и придонесе, толку колку што мислеше и што можеше да придонесе во разрешување на тоа прашање, па затоа не земав збор да учествувам во расправата по точката, затоа што сметам дека тие ставови се доволно јасни и аргументирано кажани.

Само земав збор да укажам на едно искажување од колегата Пауновски, жалам што не е моментално тука, што неколку пати го повтори, дека од 1994 - 1995 година во Собранието воопшто не е дојден извештај за работата на МРТ. Сакам само да го потсетам, во интерес на вистината, со оглед на тоа што ова Собрание е Собрание со мандат на пратениците од 1990 до 1994, вториот, третиот и т.н., дека откога се донесе Законот за МТВ, во согласност со обврските што произлегуваат од тој Закон во Собранието стигна соодветна Информација по која што беше расправано на сите тела што доживеа големи критики и беше вратена назад за соодветни измени и дополнувања.

Според тоа, да не остане дека навистина во целиот изминат период не дошла соодветна информација во Собранието, согласно на обврските што произлегуваат од Законот за МРТ. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Ханџиски Благој.

Господинот Пауноски се најде прозван, беше повикан посебно.

Само, ќе ве молам, од реплика на реплика, само ако може кратко.

Има збор господинот Пауноски.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Немам причина да не верувам дека била доставена Информација. Во ред. Лично не се сеќавам на тоа. Но, има разлика од информација до извештај. Разликата е огромна. Така што обврзниот извештај не е еднаш годишно најмалку, не е воопшто од 1995 година, значи последниот би требало да биде на госпоѓата Мелпомени Корнети, кога поводот го знаеме што околу тоа се случуваше, тоа е последен извештај. Информација е друго. Разликата е огромна.

Да не остане некаква забуна, сепак значи извештај не е поднесен од 1995 година.

И, една друга работа што може да остави недоумица во јавноста, тоа дека 20% е намалена претплатата. Не знам од кој карактер и како беше објаснувано, не е точно. Знаете дека ова влегува во финансискиот дел, сврзано е со темата, знаете добро дека МРТ врз основа на таа претплата определена со закон своевремено ја примаше 100%. Беше насочена 100% во МРТ, а друго е кој процент се плаќал. Знаеме какви биле процентите, зависно од економската моќ, околностите и т.н. Меѓутоа со интерните реорганизации на оваа куќа се направија некои поделби, на пример Предаватели и врски кое имаат свое име, потоа одреден процент за развој на локалните радио станици и т.н., така што ако 85% таксата до некаде минатата година одела на сметката на МТВ, сега со новиот закон и со новите поделби оди 61%. Значи, тука се повеќе од 20% разлика, 24% и тука е тој аргумент сосема чист. Не е намалено плаќањето на граѓаните. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Харуни бара процедурално.

Повелете господине Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Претседателе, благодарам што ми дадовте процедурално.

Морам да се навратам на онаа стара народна поговорка, за жал ќе ја кажан на српско-хрватски јазик "вежи коња где ти газда каже, па макар и вуци појели".

Во друга прилика нема да престанам да зборувам од говорница и тоа право да ми се узурпира.

Ова Собрание работи поради нас, пратениците. Денеска слушнав, еднаш, два пати, а еден господин таму од ВМРО со мустаќи, стоматолог е, јадниот, почна и само да плеска и да вреска, па можеби ги има искршено забите. Нему му е лесно оти е самиот забар, па затоа во друга прилика вакви инсистирања, особено од претседавачот не би сакал тоа да се случи. Толку.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас ќе ги прекинувам, г. Харуни сите оние кои ќе одат надвор од темата, затоа што не ќе имаме крај.

Но добро, во секој случај имаме Деловник, ќе се држам колку што е можно до Деловникот, инаку ред ќе нема.

Ќе ве молам, г. Харуни повторно сакате да се јавите?

Јас ништо посебно не спомнав сега да се јавувате.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Мелпомени Корнети одамна беше генерален директор на Радио-телевизија. Господинот Пауноски тоа сега го рече. И таа заправо не е на дневен ред и неговата дискусија. И не беше она случајно "вежи коња где ти газда каже, газду другом приликом неќу слушати".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да не спориме понатаму, не ќе може...

Ќе ве молам, господинот Амди Бајрам сака нешто процедурално.

Повелете господине Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас имам поднесено амандман што сакав да го повлечам, бидејќи мојот амандман и сличниот, другиот амандман кој беше од господинот од другата партија поднесен, бидејќи не е на дневен ред, подоцна предложи претседателот во септември ќе се, за септември мојот амандман го повлекувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Амди Бајрам.

Господине Стојановски инсистирате на дискусија?

Има збор потпретседателот г. Стојановски Томислав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господо, да кажам два збора.

Некои од колегите дискутираа од каде е оваа тешка финансиска положба, па дава документација, затоа како тие имаат сознанија и се постави прашање што е со вршење директно снимање на одредени активности во некоја политичка партија?

Господо, во моето прво обраќање пред вас се повикав на темата, што е тема на работа, дали се работи за извештај или се работи за информација. После реков за просторот и времето. Господата кои застапуваат и бараат некои односи на телевизијата надвор од извештајниот рок од информациониот рок 31 март, значи дека немаат ориентација со времето. Ако дојде, затоа што една обврска на претседателот, во наредниот период на една од наредните седници во есенскиот дел, кога ќе се расправа за извештајот за работа на оваа информативна куќа, тогаш и тоа прашање со право да се постави и да се објасни.

Ова го сфаќам сега дека раководството на телевизијата сака да ни каже една работа - еве ни ја финансиската положба каква е сега, па кога ќе дадеме извештај за нашето работење, да имаме јасна дистинкција, ова го наследивме, до овде

успеавме, ова е наша грешка. Така треба да се сфати. Затоа ќе ги поддржам заклучоците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господа пратеници, завршивме со расправата, немам овде ни еден на екранот што сака да се јави за збор.

Ги молам пратениците што се надвор од салата да влезат во салата.

Да се согласиме со следното. Со оглед дека пратеникот Мерсел Биљали и пратеникот Амди Бајрам ги повлекоа своите амандмани во смисла на работниот заклучок кој јас го предложив, а тоа е: на една од есенските седници да расправаме за програмските определби на Македонската радио-телевизија и воопшто да имаме еден извештај во врска со тоа, јас мислам дека со тоа се исполнува содржината на овие амандмани и тие се повлекуваат во духот на таквиот извештај. Тогаш во тој извештај ќе ја видиме навистина застапеноста на програмите на националностите на МРТВ и ќе одиме кон расправа дали се тие доволно застапени или не се, дали треба повеќе часови, дали треба посебен канал да дозволи и т.н. Тоа е веќе друго прашање. Се разбира, во врска со тоа ќе донесеме Предлог - мерки за соодветна финансиска конструкција и помош, ако ја зголемиме програмската ориентација на МРТВ.

Според тоа, јас сметам дека после оваа расправа би требало да поминеме кон усвојување, кон гласање за заклучоците содржани во Извештајот на комисиите.

Процедурално за збор се јавуваат г-динот Јордан Бошков и г-динот Љубомир Поповски.

Во врска за што се јавувате?

Јас ја затворив веќе расправата. Расправа веќе не водиме.

Расправата е веќе затворена, но ако сакате процедурално да земете збор, процедурално можеме да разговараме. Инаку, расправа во однос на ова веќе не водиме.

Ќе ве молам, не сте биле тука, не сте се вклучиле, тоа е друго прашање, расправа веќе не водиме.

Амандмани не може вака усмено да се даваат, се знае како се даваат амандмани.

Според тоа, само процедурално некој може да постави прашање овде.

Инаку, расправа веќе не водиме. Јас ја затворив расправата.

Процедурално, повелете г-дин Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Така нека биде, јас сакав мојот амандман да го повлечам.

Вие ги спомнавте амандманите од г-диот Амди Бајрам и г-динот Мерсел Биљали, дека се повлекуваат.

И мојот амандман е во процедура и сакав исто така да го повлечам.

**САМО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Љубомир Поповски побара збор.

Повелете, процедурално, немојте само расправа да водиме.

**ЉУБОМИТ ПОПОВСКИ:**

Јас добив впечаток, г-дин претседател вие преминувате на изјаснување во врска со заклучоците кои се од комисиите.

Мислам дека по редот на нештата, Собранието треба да се изјасни во врска со амандманите поднесени од г-динот Никола Поповски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тие се интегрирани во заклучоците.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Не се интегрирани. Делови се интегрирани, меѓутоа останаа два става на точка 3 и на точка 4, каде што тоа не е прифатено од страна на комисиите и мислам дека по редот на нештата процедурално треба да се изјасни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш ќе гласаме прво за амандманите кои ги има поднесено г-динот Никола Поповски, а после ќе се произнесеме по ова прашање ако инсистира.

Бидејќи тој не е тука, не знаеме дали инсистира на тоа или вие инсистирате во негово име. (Да).

Тогаш ќе ве молам, најнапред г-динот Мерсел Биљали да земе процедурално.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Пред да минеме на гласање, молам претседателот на Собранието да ги прочита заклучоците, за да можеме да се изјасниме. Значи, тука спаѓаат и работните заклучоци, во однос на тоа што беа сугестии на претседателот на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господа пратеници, заклучоците Ви се поделени, Вие ги имате.

Амандманите ви се поделени, ги имате и тука.

Да ги немавте поделени, како што беше во претходниот случај, кога ја отворив расправата по оваа точка и јас кога јас ви ги прочитав, во тој случај имаше потреба јас да

ги читам.

Сега веќе нема потреба, затоа што ги имате во писмена форма и заклучоците и амандманите.

Господинот Абдулади Вејсели бара збор.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, јас би кажал нешто во врска со предлогот на господинот Мерсел Биљали.

Господинот Мерсел Биљали добро предлага да се прочита од страна на претседателот на Собранието тоа што е предложено од страна на нашата пратеничка група, односно од пратеникот Мерсел Биљали.

Прво, ние се сомневаме дека на есен или во септември - октомври (реакција на некој пратеник во салата).... Не е повлечено од страна на г-динот Мерсел Биљали, односно повлечен е амандманот да не влезе денес, но бараме јавно од страна на претседателот на Собранието да се каже дека, навистина по овој наш предлог ќе се расправа на една од наредните седници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не ме слушавте, но јас реков дека ќе имаме работен заклучок во врска со тоа.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Јас барам од претседателот на Собранието да го прочита тоа.

Исто така, ако се секава овој Парламент, ние имавме еден предлог за изменување и дополнување на Законот за државната управа, но до денес тој не е на дневен ред во Собранието, иако поминаа пет месеци.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Точно е тоа, но г-дине Вејсели, во работниот заклучок на почетокот на денешното работење реков, но вие излегувате -влегувате, па не ме дослушувате. На почетокот реков дека ќе имаме работен заклучок, ќе добиеме информација исклучиво за програмските определби на Македонската радио-телевизија и во тој контекст ќе дискутираме за овие две прашања, затоа што се во корелација амандманите и на пратеникот Мерсел Биљали и на пратеникот Амди Бајрам. Според тоа, мислам дека ќе добијат во актуелност и можат да бидат дел на сериозни заклучоци, што не би одупирале од овие овде.

А што се однесува до второто прашање, во однос на вашиот Предлог за изменување и дополнување на Законот за државната управа, тогаш кога ќе обезбедам квалификувано мнозинство од минимум 80 пратеници во Парламентот, во тој случај ќе се стекнат услови за да можеме да пристапиме. Инаку, се додека го немам тоа, не можеме да пристапиме кон гласање, затоа што нормално дека амандманот нема да помине. Тоа е основната причина што не сум го поставил. Знам, имав уште две или три такви точки кои не се завршени токму поради ова прашање, Законот за парнична и извршна постапка и т.н., се се тоа работи кои според Уставот одат со 2/3 мнозинство. Тоа е причината.

Процедурално ќе треба вака да постапиме. Најнапред да се произнесеме дали ги прифаќаме заклучоците кои ги поднесе пратеникот Никола Поповски, а потоа ќе одиме на произнесување на овие од комисијата. Значи, прво да гласаме дали ги прифаќаме заклучоците кои ги поднесе пратеникот Никола Поповски.

Ќе ве молам да гласаме, а после ќе гласаме за овие заклучоци од комисиите.

Ве молам да гласаме.

11 пратеници гласаа "за", 1 пратеник е "воздржан" и 70 пратеници се "против".

Значи, заклучоците не ги прифаќаме.

Преминуваме сега на заклучоците кои ги доставија двете комисии.

Меѓутоа, заедно со заклучоците, би сакал да се прифати и следниот работен заклучок, да бидеме консеквентни.

1. Македонската радио-телевизија да изготви и на Собранието на Република Македонија, за една од наредните седници да му достави информација за програмската ориентација на Македонската радио-телевизија, со посебен осврт на застапеноста на програмите на националностите.

2. Овој работен заклучок да се достави до Македонската радио-телевизија.

Ќе можеме ли да усвоиме еден ваков заклучок, за да можеме да пристапиме кон гласање.

Се согласувате ли со еден ваков заклучок?

Тогаш сето тоа Ве молам да го гласаме.

Да гласаме за заклучоците на комисиите со овој работен заклучок.

За заклучоците со работниот заклучок гласаа 71 пратеник, 10 пратеници се "воздржани" и 2 пратеници се "против".

Според тоа, констатирам дека Собранието ги усвои заклучоците, по повод Информацијата за актуелните состојби во Македонската радио-телевизија.

Дами и господа пратеници, бидејќи дневниот ред со оваа точка е исцрпен, ја завршувам 23-та седница на Собранието на Република Македонија и давам пауза од 45 минути, малку да се одмориме за да продолжиме со следното.

(Седницата заврши во 14,20 часот).